13.00 до 18.00 часот – Реализација на распоредот на часовите
18.00 до 18.40 часот – Период на дружење, воннаставни активности, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома, средби со родители.

За подрачните училишта во Врбјани, Славеј, Годивје:
7.00 до 7.30 часот – Прифаќање на учениците, разговор со учениците и родителите.
7.30 до 12.30 часот – Реализација на распоредот на часовите
12.30 до 13.10 часот – Период на дружење, воннаставни активности, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома, средби со родители.

В.д. Директор:

Кривогаштани, август, 2026 година _____

Лилјана Стојкоска

Прилог 2.5.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Дефинирање на поимот надареност и Подготвка на инструменти за идентификување на надарените, телентираните и креативните ученици	Состанок на тимот за идентификување на надарените, талентираните и креативните ученици и одредување /приготвување инструменти за идентификување на овие ученици	состанок на тимот разговор консултации приготвување на инструменти	последна недела од август	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници	примери на инструменти за идентификување на овие ученици	припремени инструменти за навремено и правилно идентификување на надарените и талентираните ученици
Потсетување на наставниците за карактеристиките и начините на следење и откривање на надареното/талентирано и креативно дете во паралелката - запознавање со инструментите за идентификување на овие ученици	презентација на стручните активи на одделенските и предметните наставници и	Презентација Разговор Состанок на стручни активи	септември	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници	ППТ презентација, инструменти за идентификување на овие ученици	Навремено и правилно идентификување на надарените и талентираните ученици и планирање на наставно – воспитната работа да биде инклузивна и да ги вклучи овие ученици со соодветни активности
Запознавање на родителите со оваа тематика за да се вклучат и тие во процесот на идентификација на надарените, таленитрани или креативни ученици	разработка на темата на состаноци со родителите (општи родителски средби)	Презентација Разговор со родителите	септември	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници	ППТ презентација, печатен материјал за родители	Навремено и правилно идентификување на надарените и талентираните ученици

Потврда на идентификуваните способности кај учениците преку примена на прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик кај оние ученици за кои наставниците идентификувале надареност, талент или креативност	Процес на идентификување на надарените ученици	Разговори со учениците Пополнување прашалници Набљудување	Септември-октомври	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници	Прашалници	Правилно идентификување на надарените и талентираните ученици
Индивидуално запознавање на тимот со надарените ученици и видот на надареност	Сов.консул.разговори со одд.наствници, ракововодители, предметни наставници,ученици и нивните родители	Разговори Комуникација Советодавни разговори	Септември-октомври	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници	Записници	Проценка на специфичните способности на надарените ученици
Добивање мислење од родителот за способностите на неговото дете	Пополнување прашалник за надарени, талентирани, креативни ученици од страна на родителите од учениците кои се идентификувани како надарени, талентирани или креативни	Комуникација Советодавни разговори	Ноември	тим за работа со надарении талентирани ученици	Прашалници Извештај	Вклученост на родителите во откривањето на надареноста и талентираноста на учениците

Добивање мислење од соучениците во одделенијата во кои има идентификувано ученици со надареност, талентираност, креативност	Пополнување прашалник за надареност, телантираност или креативност од страна на соучениците во одделенијата во кои има идентификувано ученици со надаренот, талентиранот или креативност	Комуникација Разговор со учениците и давање насоки Пополнување прашалници	Ноември	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници	Прашалници Извештај	Вклученост на соучениците во откривањето на надареноста и талентираноста на учениците во паралелката и развивање на позитивни ставови кај учениците кон надарените учениците
Градење правилен пристап кон надарените и талентираните ученици во училиштето	Давање препораки на наставниците и родителите за работа со оваа група ученици. Потткинување на наставниците и росителите да посветат внимание на оваа група ученици и да ги мотивираат за да ги искажат своите способности, да напредуваат и да постигнат добри резултати на натпревари, манифестации, изложби, литературни читања и сл.	Средби со наставниците во чии паралелки има ваков вид ученици и давање насоки и препораки за работа. Средби со родителите на овие ученици и советодавна работа со нив Комуникација Дискусија Препораки	Ноември	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници	Записник	Насочено и правилно планирање и организација на поучувањето на овие ученици Правилен однос на родителите кон развивањето на дабата, талентот или креативноста на своето дете

Поддршка на учениците и зголемување на мотивираноста за работа Излегување во пресрет на потребите на оваа група ученици	Средби и активности со оваа група ученици, советодавна работа за правилно насочување на енергијата и развивање на способностите, талентот, креативноста. Сослушување на потребите на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби. Поттикнување на учениците континуирано да се вклучуваат и да учествуваат во активности во кои можат да го покажат својот талент.	Дискусии Советодавни разговори според потребите на учениците	Континуирано	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници	Записник	Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа Подобрување на постигањата на надарените, краетивни или талентирани ученици
Поддршка и насочување на наставниците за да ги мотивираат учениците кои се надарени, талентирани, да бидат истрајни да ги развиваат своите таленти и да учествуваат на натпревари, манифестации, поетски читања, спортски натпреваари и сл	Континуирани средби и спработка со наставниците, размена на идеи, мислења, ставови Обработка на овие теми на стручни активи на одделенските и предметните наставници	Дискусии Советодавни разговори според потребите на наставниците Состаноци на стручните активи	Континуирано	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници	Записник	Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа Подобрување на постигањата на надарените, краетивни или талентирани ученици

Промовирање на успесите на надарените и талентираните ученици ,а со тоа зголемување на нивната активност и мотивација за поуспешна работа	Пофалби и награди за оваа група на ученици кои во текот на учебната година се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето од повеќе области и тоа: резултати во учењето натпревари, во знаење, спортски натпревари, литературни и ликовни конкурси во училиштето и вон него	Според можностите или за Денот на училиштето	Во тек на учебна година	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници Директор	Благодарници Дипломи Книги	Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на надарените ученици
Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца	Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со надарените ученици	Анализа	Јуни	тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници	Извештај	Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата за работа со надарени ученици - Изготвување на стратегија за понатамошна работа

Тим за работа со надарени и талентирани ученици
Анета Гулабоска, психолог
Елена Белеска - наставник
Магдалена Дисоска –одделенски наставник
Оливер Конески –предметен наставник

Прилог бр. 2.6.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Дополнителната настава ООУ „Манчу Матак“ -Кривогаштанија планира со годишната програма за работа.

Дополнителната настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми.

Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.

Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. Наставникот ја организира и реализира дополнителната настава со група од најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделние. Наставникот ја реализира дополнителната настава придржувајќи се на наставната програма за конкретниот наставен предмет, а согласно потребите на учениците.

Начинот на работа на наставникот на часот за дополнителна настава е индивидуална/индивидуализирана, но може да биде и со групна форма на работа, доколку учениците имаат исти потешкотии во постигањето на очекуваните резултати (на пример: конкретна цел од иста тема од наставната програма).

Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот, се користат содветни дидактички средства и материјали, се применува интерактивен пристап и се користат активни методи на учење.

Наставникот дополнителната настава ја евидентира во педагошката евиденција соглано правилникот.

Постигањата на ученикот во дополнителната настава не се оценуваат.

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Цели	Содржини и активности	Реализатор	Време	Очекувани ефекти
Соодветна организација на дополнителната настава	-Планирање на дополнителанта настава во годишната програма -Планирање на дополнителната настава од страна на секој наставник -Изготвување на распоред за дополнителнанастава за секој наставен предмет -Објавување на распоредот на огласна табла и на интернет страната -Организирање на просторно – техничките услови за реализација на дополнителната настава	Комисија за изработка на годишната програма Комисија за изработка на распоред Предметни наставници	Август, 2026 Пред почетокот на секој месец	Дополнителната настава во училиштето се планира со програма и распоред. Јавно објавен распоред.

Согледување на состојбата и потребата за работа со ученици кои потешко напредуваат воучењето	Проценка и одредување на ученици на кои им е потребна дополнителна настава (врз основа на следењето на напредокот во наставата): - ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, - ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема), - ученици што подолго време отсуствувале од настава и ученици со потешкотии во учењето.	Предметни и одделенски наставници	Пред почетокот на секој месец	Идентификувани ученици.
Соработка со родителот/старателот	- Информирање на родителот/старателот за потребата ученикот да следи дополнителна настава и за распоредот за реализирање на дополнителната настава, - Вклучување на родителот/старателот во планирањето на дополнителната настава. - Редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот и давање совети, сугестии и насоки за натамошен напредокот.	Одделенски раководители Предметни наставници Стручни соработници	Пред почетокот на секој месец На секоја родителска средба или индивидуални средби со родителите	Информирани родители.
Надминување на потешкотиите, постигнување на очекуваните резултати, потреба од продолжување на дополнителна настава	- Следење напредокот на ученикот - Водење на портфолио за напредокот на ученикот во дополнителната настава - Информирање на учениците, родителите и стручните соработници за напредокот.	Предметни и одделенски наставници	Цела учебна година	Информирани и мотивирани ученици запостигнување наподобри резултати
Водење евиденција за потребата од посета на ученикот на дополнителна настава	- Проценка/список на ученици, - Евидентирање на редовноста на учениците, - Известување на родителите, - Извештај за реализацијата на дополнителната настава	Предметни и одделенски наставници	Цела учебна година	Прегледност и увид во реализацијата на дополнителната настава

Прилог бр. 2.7.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА

Додатната настава ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштанија планира со годишната програма за работа.

Додатната настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретниот наставен предмет за кој покажал интерес ученикот.

Секој наставник ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.

Секој наставник е должен да им понуди на учениците следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава.

Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот.

Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

Начинот на работа на наставникот на часот за додатна настава е, по правило, со индивидуализирана работа.

Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот односно, тој да ја насочува работата на ученикот за постигнување на планираните очекувани резултати.

Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот.

Наставникот додатната настава ја евидентира педагошката евиденција.

Постигањата на ученикот во додатната настава не се оценуваат.

Акционен план за реализација на додатната настава во учебната 2025/2026 година

Цели	Содржини и активности	Реализатор/и	Време	Очекувани ефекти
Соодветна организација на додатната настава	– Планирање на додатната настава во годишната програма – Планирање на додатната настава од страна на секој наставник во соработка со учениците – Изготвување на распоред за додатната настава за секој наставен предмет – Објавување на распоредот на огласна табла и на интернет страната – Организирање на просторно – техничките услови за реализација на додатната настава	Комисија за изработка на годишната програма Комисија за изработка на распоред Ученици Предметни наставници	Август, 2026 Пред почетокот на секој месец	Додатната настава во училиштето се планира со програма и распоред. Јавно објавен распоред.

Согледување на состојбата и потребата за работа со ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети	Проценка и одредување на ученици на кои покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата (врз основа на следењето на напредокот во наставата): - напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, - ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма - ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.	Предметни и одделенски наставници	Пред почетокот на секој месец	Идентификувани ученици.
Соработка со родителот/старателот	- Информирање на родителот/старателот за можноста ученикот да следи додатна настава и за распоредот за реализирање на додатната настава, - Вклучување на родителот/старателот во планирањето на додатната настава. - Согласност од родителот/старателот ученикот да следи додатна настава - Редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот и давање совети, сугестии и насоки за натамошен напредок	Одделенски раководители Предметни наставници Стручни соработници	Пред почетокот на секој месец На секоја родителска средба или индивидуални средби со родителите	Информирани родители. Дадена согласност.
Констатирање на развојот, планирање на идната работа, поставување нови предизвици за развојот на ученикот	Следење напредокот на ученикот Водење на портфолио за напредокот на ученикот во додатната настава Информирање на учениците, родителите и стручните соработници за напредокот.	Предметни и одделенски наставници	Цела учебна година	Информирани и мотивирани ученици запостигнување наподобри резултати
Водење евиденција за посетата на ученикот на додатната настава	- Список на ученици кои се согласиле да посетуваат додатна настава, - Евидентирање на присутноста на учениците, - Извештај за реализацијата на додатната настава	Предметни и одделенски наставници	Цела учебна година	Прегледност и увид во реализацијата на додатната настава

Прилог 3.1.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СЕКЦИИТЕ
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Назив на секцијата (видови секции):
|А| секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/области (пр. математичка, информатичка, литературна, ликовна итн.);
|Б| секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците (пр. фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/ хортикултура итн.);
|В| секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (пр. интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање);
|Г| спортско-рекреативни секции (пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг, планинарење, јога, пилатес, велосипедизам, шах итн.)

Цели на секцијата:
1. стекнување знаења, вештини и ставови/вредности од Националните стандарди за основното образование со кои ќе се стекнат учениците преку учество во активноста. (- Јазична писменост, - изучување други јазици, - математика, - природни науки и технологија, - дигитална писменост, - личен и социјален развој, - демократска култура и граѓанство,- претприемништво и финансиска писменост, - уметничко изразување, култура и мултикултура);
2. развој на самодовербата и и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки,
3. воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,
4. развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на мајчиниот јазик,
5. развивање свест за припадност на Република Северна Македонија и негување на националниот, граѓанскиот, етничкиот и културен идентитет
6. подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество,
7. развивање на способности и вештини за истражување, експериментирање, адгументирано заклучување и решавање на проблеми,
8. стекнување општи и применливи знаења и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование,
9. унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.
10. развивање способности за тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми,
11. развивање на претприемништво и финансиска писменост и
12. соодветно користење на извори од интернет и електронски медиуми за презентирање

Наставникот/наставниците одговорни за секцијата самите определуваат кој вид секција/клуб ќе водат, како и називот на секцијата. Важно е овие секции да ги покриваат горенаведените видови и наведените цели. При идејата за секцијата треба да ги имаат предвид начелата дадени во Концепцијата за воннаставни активности (стр. 13 – 19).

Назив на секцијата/ клубот	Цели на секцијата	Одговорен наставник/ наставници	Одделение/ одделенија	Временска рамка/ број на часови
Млади актери - Секција за поддршка на интересите на учениците за драма	- развој на самодовербата и и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки, - развивање способности за тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми; развивање на способностите на учениците за разбирање и изразување на мајчиниот јазик; - воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права	**Весна Ацеска**	Од 6-9 одд.	Учебна 2026/2027 год. 1 час седмично
Млади математичари	Проширување и продлабочување на стекнатите знаења од математиката, развивање соработка меѓу учениците и оспособување за тимска работа,	**Благојче Коларoски** **Татјана Чируноска**	Група 6 и 7 одд. Група 8 и 9 одд.	Учебна 2026/2027 год. 2 часа седмично
Секција по англиски јазик	Проширување и продлабочување на стекнатите знаења на учениците од областа на англискиот јазик. Развивање соработка меѓу учениците и оспособување за тимска работа.	**Елена Белеска** **Татјана Петреска**	Ученици од 1 – 9 одделение во зависност од распределбата на часовите	Учебна 2026/2027 год. 2 часа неделно
Англиска секција	Развивање на способности и вештини за истражување, тимска работа, групно одлучување, соодветно користење на интернет извори, флуентност во користење на англискиот јазик, стекнување пријателства и почитување на различностите	**Антица Вренцоска**	Група во зависност од распределбата на часовите	Учебна 2026/2027 год. 1 час седмично
Француска секција	Проширување и продлабочување на знаењата од францускиот јазик, развивање соработка меѓу учениците и оспособување за тимска работа.	**Тања Спиркоска**	Група во зависност од распределбата на часовите	Учебна 2026/2027 год. 1 час седмично

Биолошко-еколошка секција	Проширување и продлабочување на стекнатите знаења од биологијата, развивање соработка меѓу учениците и оспособување за тимска работа, Развој на самодовербата и свеста кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки	**Менде Станојоски**	Група во зависност од распределбата на часовите	Учебна 2026/2027 год. 1 час седмично
Литературно-рецитаторска секција	Развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на мајчиниот јазик	**Дејана Тренеска**	6, 7,8 и 9 одд.	Учебна 2026/2027 год. 1 час седмично
Ја сакам хемијата	Проширување и продлабочување на стекнатите знаења од природни науки и хемија, развивање соработка меѓу учениците и оспособување за тимска работа,	**Ленче Сркески**	Група 7, 8 и 9 одд.	Учебна 2026/2027 год. 1 час седмично
Природно-научна секција	Проширување и продлабочување на стекнатите знаења од природните науки(биологија), развивање соработка меѓу учениците и оспособување за тимска работа	**Елена Кадинска**	Група 6 и 7одд.	Учебна 2026/2027 год. 1 часа седмично
Географска секција	Развој на самодовербата и свеста кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки,развивање способности за тимска работа,групно одлучување и решавање проблеми и соодветно користење на извори од интернет и електронски медиуми за презентирање.	**Оливер Конески**	ВИВИВИИИ	Учебна 2026/2027 год. 1 час неделно
Тим за училишни иницијативи	Проширување, продлабочување на постоечките и стекнување на нови знаења за демократијата и човековите/детските права и функционирањето на правната држава, организирање на дебати, поттикнување на тимска работа, намалување на стереотипи и предрасуди	**Дијана Каравилоска**	Група – 6, 7, 8 и 9 одделение	Учебна 2026/2027 год. 1 час седмично
Музичко образование(Фолклорна секција)	Проширување и продлабочување на знаењата за традицијата, обичаите и народните инструменти на македонскиот и народите кои живеат во нашата држава.	**Јане Петкоски**	6, 7, 8 и 9 -то одд.	Учебна 2026/2027 год. год. 1 час неделно.

Спортска секција	Проширување и усовршување на елементи од спортски игри и подобрување на психофизички развој	**Јован Цветкоски**	Група во зависност од распределбата на часовите	Учебна 2026/2027 год. 1 час неделно.
Спортска секција	Проширување и усовршување на елементи од спортските игри фудбал и одбојка и подобрување на психофизички развој и часови од акцискиот план за безбедност и заштита наменети за учениците	**Пеце Апостолоски**	Група во зависност од распределбата на часовите	Учебна 2026/2027 1 час неделно.
IT Пионери	Проширување и продлабочување на знаењата во IT светот	**Наталија Везенкоска**	6 и 7 Одделение	Учебна 2026/2027 год. 1 час неделно.

Прилог 3.2.

ПРОГРАМА ЗА КОРДИНАЦИЈА, РЕАЛИЗАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА УЧЕНИЧКИ АКЦИИ
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Активност	**Цел**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Организирање и реализирање на ученички аккции за подобрување на училишниот живот и средина.	- зајакнување на демократската клима и атмосферата во училиштето - подигнување на свеста кај учениците за осмислување и спроведување различни иницијативи - зголемување на соработката со локалната самоуправа, локалната заедница и родителите	Иницијативите се реализираат на предлог на учениците, во нивна организација, може заедно и со родители	Септември – мај 2026-2027г	- Дијана Каравилоска - Останати наставници и стручни соработници во согласност со мислењето на учениците	Дополнителн о утврдени во согласност со идеите на учениците	Промовирани вредности за грижа за човекот и неговото достоинство Клима за помагање и меѓуученичка соработка Развивиена самосвест за дејствување и барање на помош преку спонзорства и донации
Учество во хуманитарни акции	- да се развие чувството да се помогне некому - да се зголеми хуманоста и соработката помеѓу учениците	Собирање парични и други средства средства	По потреба 2026-2027	Одд.наставници, ученици, родители Локална самоуправа	Вработени, ученичка заедница	- развиено чувство да се помогне некому - зголемена хуманост помеѓу учениците
Светска акција „Да го исчистиме светот“ Одржување и уредување на училишната зграда и двор Генералка викенд	- да се создадат навики за одржување на хигиената на училиштето и неговата околина - убав и чист изглед на училшната зграда и двор	Чистење, собирање отпад, украсување, подобрување на изгледот на училишната зграда и двор	Тековно секој понеделник на одделенски час Мај/јуни	Наставници по природни науки и биологија, одделенски раководители и ученици	Алат, прибор за чистење, хамери, украсни хартии, изработки од учениците	- создадени навики за одржување на хигиената на училиштето и неговата околина, убав и чист изглед на училшната зграда и двор

Училиштен натпревар, возење велосипеди, ролери и сл.	- да се развие свест за важноста од чист воздух - да се разберат придобивките од возењето велосипед, ролери	Одржување на натпревар во вешто возење велосипед Возење велосипеди до населените места во општината, возење на ролери	22 Септември	Наставници по ФЗО ученици, родители, локална самоуправа	Велосипеди, ролери	- развиена свест за важноста од чист воздух - разбрани придобивките од возењето велосипед, ролери
Натпревар меѓу родители, наставници и ученици во спортски активности	- да се зголеми соработката со родителите - да се развие позитивна клима во училиштето - развивање на свеста за значењето на овој датум	Одржување на натпревар помеѓу ученици, родители и наставници	5 Октомври – ден на учителите	Наставници по ФЗО, родители и ученици	Спортски реквизити	- зголемена соработката со родителите - развиена позитивна клима во училиштето - развиена свест за значењето на овој датум
Организирање на собирни акции (стара хартија, пластика и сл.)	- да се развива позитивен став кон трудот и чувство за одговорност при работата - да се поттикне за значењето за рециклирањето	Собирање на хартија, пластични шишиња и нивна пренамена или продажба	Ноември Мај 2026-2027	Дијана Каравилоска ученици и наставници, ЛС, откупни пунктови, комунални претпријатија	Корпи за отпад, хартија и пластика, лепило...	- развиен позитивен став кон трудот и чувство за одговорност при работата
Организирање на различни панаѓури и хепенинзи	-да се стекнат основни знаења за организација на рабоата, почитување на туѓиот и сопствениот труд и соработка во процесот на работата	Изработка и продажба на различни украси за различни поводи	Последна недела од декември Недела пред Велигден	наставници, ученици, родители, локална самоуправа	Различни материјали, лепак и сл	- стекнати основни знаења за организација на работата, почитување на туѓиот и сопствениот труд и соработка во процесот на работата

Спортски активности	- да се разберат придобивките од спортувањето - да се развиваат здравите навики	Различни видови спортски активности	Во текот на целата учебна година	Наставници по ФЗО ученици	Спортски реквизити	- разбрани придобивките од спортувањето - развиени здрави навики
Ден на училиштето	- да се зголеми соработката со родителите - да се создаде позитивна клима помеѓу учениците - да се зголеми истрајноста на учениците - да се промовираат најдобрите ученици	- Свечена приредба; - Читање пригодна содржина; - Спортски натпревари - Промоции	Мај	Наставници, ученици, родители, гости	Костуми, реквизити, разглас, инструменти	- зголемена соработка со родителите - создадена позитивна клима помеѓу учениците - зголемена истрајноста на учениците - промовирани најдобрите ученици
Хуманитарен турнир во одбојка	- да се зголеми хуманоста помеѓу учениците	- Организирање на турнир	Мај/Јуни	Јован Цветкоски Пеце Апостолоски Филип Димески	Спортски реквизити	- зголемена хуманост и дружба помеѓу учениците

Изработиле:

1. м-р Менде Станојоски - наставник
2. Филип Димески - наставник
3. Леонора Рујаноска – наставник
4. Милена Чируноска- наставник
5. Лидија Клекачкоска – наставник

Прилог бр. 4.1.

Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	Активност	Начин на спроведување	Време на реализација	Носители/ одговорни	инструменти/ ресурси	Очекувани резултати
- обезбедување активен одмор, престој во природа и унапредување на физичкото и менталното здравје. -истражување објекти и појави во природата, како и односите во општествениот живот; - развивање интерес за природата и градење еколошки навики; - дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе - развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.	Еднодневен излет	Заедничко пешачење на сите ученици од училиштето до одредената локација Спортски активности, рекреација и друштвени игри	Есен (септември/ октомври) Пролет (април/мај	Сите наставници	Финансиски средства за храна и вода, топки, јажиња, спортски обувки (патики), комотна облека (тренерки), друштвени игри: не лути се човече, шах, карти.	- интерес за природата, - зачувувана природа - уживање во спортски активности, рекреација и друштвени игри - дружељубивост
- обезбедување активен одмор, престој во природа и унапредување на физичкото и менталното здравје. -истражување објекти и појави во природата, како и односите во општествениот живот; - посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значение; - развивање интерес за природата	Еднодневна екскурзија – III одделение Дводневна екскурзија – V одд. Тридневна екскурзија – IX одд.	Учениците со организиран превоз (автобуси) се носат до планираните места, објекти и локалитети.	Пролет (март април) или Есен (септември/ октомври)	Одделенските раководители од трето одделение Одд. раков. од шесто одделение Одд. раков. од деветто одделение	Финансиски средства од страна на родителите и/или средства обезбедени од донации	- интерес за убавините на земјата - патриотизам - осамостоеност - дружељубивост

и градење еколошки навики; - запознавање со културата и со начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата; - градење чувство за припадност кон државата, самобитност, толеранција и соживот; - запознаваіье на учениците со културата на различните етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија; - развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припагаат на другите народи кои живеат во државата; - дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе						

-поттикнување на соработката, комуникацијата, тимската работа и градењето позитивни односи меѓу учениците и наставниците. -истражување објекти од природните науки; -дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе -поттикнување на самостојноста, одговорноста и дисциплината	Еднодневна посета на Природно научниот музеј (VIи VIIи одделение)	Учениците со организиран превоз (автобуси) се носат до планираното место	Април 2027 г. во ден определен од организаторите	Елена Кадинска -наставник Менде Станојоски - наставник	Финансиски средства од страна на родителите и/или средства обезбедени од донации	-интерес за природните богатства и научни истражувања во рамките на предметите од областа на природните науки.
-поттикнување на соработката, комуникацијата, тимската работа и градењето позитивни односи меѓу учениците и наставниците. -истражување објекти од природните науки; -дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе -поттикнување на самостојноста, одговорноста и дисциплината	Еднодневна посета на Хидробиолошкиот завод (V и VIи одделение)	Учениците со организиран превоз (автобуси) се носат до планираното место	Март, 2027 во ден определен од организаторите	Елена Кадинска -наставник Менде Станојоски - наставник	Финансиски средства обезбедени од организаторот	-лабораториски работилници за поттикнување на критичкото мислење на учениците од областа на природните науки

Тим за излети и екскурзии:
Татјана Петреска – предметен наставник
Татјана Чируноска – предметен наставник
Даниела Мицеска-одделенски наставник
Милена Граороска Петроска- одделенски наставник
Светлана Костадиноска -одделенски наставник

Прилог бр. 4.2.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО ОДДЕЛНИ ПРЕДМЕТИ НА ОПШТИНСКО, РЕГИОНАЛНО И ДРЖАВНО НИВО ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Ученичките натпревари се дел од воннаставните активности кои во себе содржат образовни и воспитни компненти. Натпреварите го развиваат натпреварувачкиот дух, ги прошируваат и збогатуваат знаењата и вештините на учениците, овозможуваат остварување контакт со учениците од другите средини и играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.
За учениците кои што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво со содржини соодветни на возраста на учениците кои се темелат на наставниот план и наставните програми за основно образование. Натпреварите се организираат за да се вреднува знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по одделните наставни предмети.

Учениците од нашето училиште планирано е да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво во зависност од резултатите кои ќе ги покажат. За општинските натпревари за кои може да има поголем интерес меѓу учениците од предвидениот број на учесници (бројот на учесници на општинскиот напревар е ограничен), се изведува училиштен изборен натпревар. Победниците од тој натпревар (потребниот број на учесници) се пласираат за учество на општински натпревар а ако се и тука успешни потоа го претставуваат училиштето на напревари од повисок ранг како што се регионалните и државните натпревари.За натпреварите учениците се подговотвуваат на додатна настава или во рамки на слободните ученички активности каде што од наставникот – ментор добиваат помош за избор на литература или во вид на проверка на нивните знаења како и насоки за понатамошно продлабочување на знаењата и вештините потребни за учество на натпреварите. Наставникот – ментор навремено ги соопштува информациите за натпреварот на учениците и е во постојан контакт со нив за секаков вид помош и поддршка при подготовките за натпреварите од повисок ранг.

Натпреварите ги организираат и изведуваат акредитирани здруженија на наставници на начин и критериуми утврдени од Министерот на предлог на Бирото за развој на образованието. Организацијата на натпреварите од повисок ранг (општински, регионални и државни), акредитираното здружение на наставници со Правилник за организирање на натпреварите го уредува начинот на организација на поединечните задачи на сите нивоа и во сите етапи од натпреварите.

Изборот на учениците за општинскиот натпревар се врши исклучиво врз основа на постигнатите резултати на ученикот на училишниот натпревар.За секој следен натревар (регионален односно државен) учениците се определуваат врз основа на постигнатите резултати и ранг листата од претходните нивоа на натпревари, а во согласност со пропозициите кои што ги пропишува здружението на наставници.
Здружението на наставници определува:

- Содржини за натпреварот по одделен наставен предмет согласно наставните програми
- Времетраење на тестот и бројот на прашањата
- Набљудувачи кои го следат натпреварот
- Комисии за прегледување на тестовите формирани од наставници кои не предаваат во одделението за кое се спроведува натпреварот
- Скала на бодови потреби за освојување награди

Вреднувањето на резултатите и рангирањето на учениците од натпреварите го врши комисијата – општинска, регионална или комисија за државни натпревари формирана од здружението на наставници.
Прелиминарните резултати од натпреварите се објавуваат истиот ден во просториите каде што се одржуваат натпреварите и се јавни.
Конечните резултати од натреварот се објавуваат на огласната табла на училиштето/образовната институција или просториите каде што се одржува натпреварот.

Цели на организирањето и изведувањето на натпревари:

1. **Да се вреднува знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по предметот**
2. **Рангирање според постигнувањата на учениците**
3. **Откривање на надарени и талентирани ученици за одредена област**
4. **Збогатување на наставниот процес со проширени и продлабочени содржини за учениците кои покажуваат интерес по одделни наставни предмети**
5. **Подобрување на квалитетот на образованието**
6. **Промовирање на постигањата на учениците и воспитно – образовната работа на основното училиште**
7. **Поттикување на натпреварувачкиот дух, тимската работа и развивање на толеранцијата кај учениците**

Активност	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**
Регионален натпревар по Македонски јазик	Учество на регионален натпревар по Македонски јазик за учениците од 6, 7, 8 и 9 одделение	Април, 2027	Весна Аческа и Дејана Тренеска – предметни наставници по Македонски јазик од училиштето, СДМЈЛ (Сојуз на друштвата по македонски јазик и литература)	Стандардизиран тест
Државен натпревар по Македонски јазик (ученикот кој се пласирал од регионалиот натпревар)	Учество на државен натпревар по Македонски јазик за учениците од 6, 7, 8 и 9 одделение	Мај/јуни, 2027	Весна Аческа и Дејана Тренеска – предметни наставници по Македонски јазик од училиштето, СДМЈЛ (Сојуз на друштвата по македонски јазик и литература)	Стандардизиран тест според наставниот план и програма

Општински натпревар по Англиски јазик – ЕЛТАМ	Учество на општински натпревар по Англиски јазик за учениците од 5 до 9 одделение	Февруари /Март, 2027	Антица Вренцоска , Елена Белеска и Татјана Петреска предметни наставници по Англиски јазик од училиштето, ЕЛТАМ здружение на наставници по Англиски јазик	Стандардизиран тест според наставниот план и програма
Регионален натпревар по Англиски јазик – ЕЛТАМ (ученици кои се пласирале од општински натпревар на регионален)	Учество на регионален натпревар по Англиски јазик за учениците од 5 до 9 одделение	Април, 2027	Антица Вренцоска , Елена Белеска и Татјана Петреска предметни наставници по Англиски јазик од училиштето, ЕЛТАМ здружение на наставници по Англиски јазик	Стандардизиран тест според наставниот план и програма
Државен натпревар по Англиски јазик – ЕЛТАМ (ученици кои се пласирале од регионалниот натпревар на државен)	Учество на државен натпревар по Англиски јазик за учениците од 5 до 9 одделение	Мај/јуни, 2027	Антица Вренцоска , Елена Белеска и Татјана Петреска предметни наставници по англиски јазик од училиштето, ЕЛТАМ здружение на наставници по англиски јазик	Стандардизиран тест според наставниот план и програма
Училиштен натпревар по Математика	Учество на училиштен натпревар по Математика за учениците од 4 до 9 одделение	Февруари, 2026	Благојче Коларoски и Татјана Чируноска – предметни наставници по Математика, одделенски наставници од 4 и 5 одделение од училиштето.	Нестандардизирани тестови (изработени од група предметни наставници и одделенски наставници)

Општински натпревар по Математика	Учество на општински натпревар по Математика за учениците од 4 до 9 одделение	Февруари/ Март,2027	Благојче Кароски и Татјана Чируноска – предметни наставници по Математика, одделенски наставници од 4 и 5 одделение од училиштето, Сојуз на математичари	Стандардизиран тест
Регионален натпревар по Математика (ученици кои се пласирале од општински натпревар на регионален)	Учество на регионален натпревар по Математика за учениците од 4 до 9 одделение	Април, 2027	Благојче Кароски и Татјана Чируноска – предметни наставници по Математика, одделенски наставници од 4 и 5 одделение од училиштето, Сојуз на математичари	Стандардизиран тест
Државен натпревар по Математика (ученици кои се пласирале од регионалниот натпревар на државен)	Учество на државен натпревар по Математика за учениците од 6 до 9 одделение	Мај, 2027	Благојче Кароски и Татјана Чируноска - наставници по математика од училиштето, Сојуз на математичари	Стандардизиран тест
Меѓународен натпревар по Математика „Кенгур“	Учество на натпревар по Математика „Кенгур“ на ученици од 1 до 9 одделение	Март, 2027	Благојче Кароски и Татјана Чируноска – предметни наставници по математика од училиштето, одделенски наставници од 4 и 5 одделение од училиштето, Природно математичко здружение „Армаганка“	Стандардизиран тест За 1 одделение, 2 и 3 одделение, 4 и 5 одделение, 6 и 7 одделение, 8 и 9 одделение.
Меѓународен натпревар „Дабар“	Учество на натпревар „Дабар“ на ученици од 1 до 5 одделение	Ноември, 2026	Одделенски наставници	Стандардизиран тест

Општински натпревар по Хемија	Учество на општински натпревар по Хемија за учениците од 7, 8 и 9 одделение	Март, 2027	Ленче Сркески – наставник по Хемија од училиштето, СХТМ – Сојуз на хемичари и технолози на Македонија	Стандардизиран тест
Регионален натпревар по Хемија –(ученици кои се пласирале од општински натпревар на регионален)	Учество на регионален натпревар по Хемија за учениците од 7, 8 и 9 одделение	Април, 2027	Ленче Сркески – наставник по хемија од училиштето, СХТМ – Сојуз на хемичари и технолози на Македонија	Стандардизиран тест
Државен натпревар по Хемија – (ученици кои се пласирале од регионалниот натпревар на државен)	Учество на државен натпревар по Хемија за учениците од 7, 8 и 9 одделение	Мај, 2027	Ленче Сркески – наставник по хемија од училиштето, СХТМ – Сојуз на хемичари и технолози на Македонија	Стандардизиран тест
Општински натпревар по Природни науки	Учество на општински натпревар по природни науки за учениците од 5 и 6 одделение	Март, 2027	Ленче Сркески, Менде Станојоски, Елена Кадинска – предметни наставници по природни науки од училиштето, Друштво на биолози на Република Македонија	Стандардизиран тест
Регионален натпревар по Природни науки – (ученици кои се пласирале од општински натпревар на регионален)	Учество на регионален натпревар по Природни науки за учениците од 5 и 6 одделение	Април, 2027	Ленче Сркески, Менде Станојоски, Елена Кадинска – наставници по Природни науки од училиштето, Друштво на биолози на Република Македонија	Стандардизиран тест
Државен натпревар по Природни науки – (ученици кои се пласирале од регионалниот натпревар на државен)	Учество на државен натпревар по Природни науки за учениците од 5 и 6 одделение	Мај, 2027	Ленче Сркески, Менде Станојоски, Елена Кадинска – наставници по природни науки од училиштето, Друштво на биолози на Република Македонија	Стандардизиран тест

Општински натпревар по Биологија во организација на ДБМ	Учество на општински натпревар по Биологија за учениците од 7 до 9 одделение	Февруари/март, 2027	Менде Станојоски, предметен наставник по Биологија од училиштето. Друштво на биолози на Македонија.	Стандардизиран тест
Регионален натпревар по Биологија–ДБМ (ученици кои се пласирале од општински натпревар на регионален)	Учество на регионален натпревар по Биологија за учениците од 7 до 9 одделение	Април, 2027	Менде Станојоски, предметен наставник по Биологија од училиштето. Друштво на биолози на Македонија.	Стандардизиран тест
Државен натпревар по Биологија– ДБМ(ученици кои се пласирале од регионалниот натпревар на државен)	Учество на државен натпревар по Биологија за учениците од 7 до 9 одделение	Мај, 2027	Менде Станојоски, преметен наставник по Биологија од училиштето. Друштво на биолози на Македонија.	Стандардизиран тест
Општински натпревар по Географија	Учество на општински натпревар по Географија	Февруари /Март, 2027	Оливер Конески – предметен наставник по Географија од учлиштето Здружение на професори по Географија на Македонсија „Проф.д-р Љубе Миленковски“, Скопје	Стандардизиран тест
Регионален натпревар по Географија (ученици кои се пласирале од општински натпревар на регионален)	Учество на регионален натпревар по Географија	Април, 2027	Оливер Конески – предметен наставник по Географија од учлиштето Здружение на професори по Географија на Македонсија „Проф.д-р Љубе Миленковски“, Скопје	Стандардизиран тест

Државен натпревар по Географија (ученици кои се пласирале од регионалниот натпревар на државен)	Учество на државен натпревар по Географија	Мај, 2027	Оливер Конески – предметен наставник по Географија од училиштето Здружение на професори по Географија на Македонсија „Проф.д-р Љубе Миленковски“, Скопје	Стандардизиран тест
Интернационалцом путатионалтхинкинг цом петитион	Учество на Интернационал цом путатионалтхинкинг competition за учениците од 6 до 9 одделение	Мај, 2027	Наталија Везенкоска- предметен наставник по техничко образование и информатика	Стандардизиран тест

Очекувани резултати:

1. **Знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по предметот се вреднувани и учениците се рангирани според постигнувањата**
2. **Откриени се надарените и талентирани ученици од дадените области и за нив наставниот процес е проширен и продалбочен со содржини од предметите за кои учениците покажале интерес**
3. **Квалитетот на образованието е подобрен како за учениците така и за наставниците преку: размена на искуства и добри практики, професионален развој на наставниците, промовирање на учениците и нивните постигнувања, проширување на заемната соработка меѓу училиштата и нивна соработка со други институции**
4. **Преку промовирањето на постигнувањата на учениците промовирана е и воспитно – образовната работа на учениците**
5. **Кај учениците е поттикнат интересот за надоградба на знаењата во областите за кои тие пројавуваат интерес или способности, поттикнат е натпреварувачкиот дух, тимската работа и е развиена толеранцијата кај учениците**

* Доколку во текот на учебната година, некое здружение на наставници добие акредитација за организирање и одржување на натпревари, учениците по нивна желба ќе учествуваат на истите.

Тим за за координација, реализација и следење ученички натпревари

1. **Дејана Тренеска – наставник**
2. Менде Станојоски – наставник
3. Елена Белеска – наставник
4. Кристина Кожеска – наставник

Прилог бр. 5

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПРОЕКТОТ „МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО“ во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	Активност	Начин на спроведување	Време на реализација	Носители/ одговорни	инструменти/ ресурси	Очекувани резултати
- Да се испланираат повеќе самостојни мултикултурни активности на ниво на училиште	**Планирање на самостојни мултикултурни активности во училиштето**	Ќе се реализираат самостојни мултикултурни активности на ниво на училиште, кои ќе се испланираат пред почетокот на учебната година	Август, 2026 Септември, 2026	Наставници Стручни соработници	- Избор на наставни содржини кои ќе се реализираат во учебната 2026/2027 година - План и динамика за спроведување на активностите во училиштето - Увид во планирањата	- Определување на МИО активности и стратегии за тековната година - Договор меѓу наставниците на стручен актив за изборот на содржини и работилници за кои ќе спроведуваат самостојни мултикултурни активности
Да се најде партнер училиште со кое ќе се испланираат заеднички активности преку кои ќе се развива мултикултурализмот	**Контакти со потенцијални партнер училишта**	Заедничко планирање на активности со партнер училиштата	Прво полугодие	Директори	- желба за соработка - директори на училиштата	- Потпишување меморандум за партнер училиште

Успешно враќање и вклопување во училиштниот живот и учење.	Индивидуална/индувидуализирана дополнителна настава по враќање во училиште.	Разговор и средба со родител и ученик. Дополнителна настава.	Според потребите, во тековната учебната година.	Наставници и стручни соработници	Дидактички материјали, работни листови, корисни линкови	Континуитет во наставата.
Организирање настава во здравствена установа.	Барање до соодветно училиште блиску до здравствената установа – да ја реализира наставата.	Разговор со родител, МОН, БРО.	Според потребите, во тековната учебната година.	Директор, наставници, стручни соработници, МОН, БРО, друго училиште, здравствена установа.	Барања, записници, преписки.	Континуитет во наставата.
Согледување на состојбата, давање поддршка и мотивирање за учење.	Посета на наставникот во домот и/или здравствената установа. Доколку е потребно и посета на дел или целата паралелка.	Посета по претходен договор со родителот и ученикот за начинот и зачестеноста на посетите.	Според потребите, во тековната учебната година.	Директор, наставници и стручни соработници.	Записници од разговори и посети. Материјали за работа.	Дадена поддршка и мотивирани ученици и родители.

Поттикнување на соучениците да се вклучат и помогнат на другарчето	Давање поддршка преку физичка или онлајн посета на соучениците.	Разговор со родители. Консултации со соучениците	Според потребите, во тековната учебната година.	Наставници и стручни соработници.		Емпатични и одговорни ученици.

Тим за гижа за учениците кои поради хронични заболувања или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава

- Лилјана Стојкоска – директор
- **Убавка Бутлеска – педагог**
- Елена Кадинска – предметен наставник
- Христина Каравилоска – одделенски наставник

Прилог бр. 7.5.

ПЛАН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА АЛКОХОЛ И ТУТУН.ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГИ И ДРУГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ.УЧЕСТВО ВО ИГРИ НА СРЕЌА И МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Да се утврди состојбата колку учениците ги препознаваат пороците:алкохол.дрога .тутун.психотропни супстанци ,игри на среќа и малолетничка деликвенција	Спроведување на анкета	Прашалник	Октомври	Стручни соработници Одделенски раководители	Прашалник Анализа	Оценување на состојбата колку учениците ги препознаваат пороците
Запознавање на учениците со поимот зависност и како таа влијае на конзументите на :алкохол.дрога .тутун.психотропни супстанци ,игри на среќа И нивните семејства	Едукација преку пишани материјали,презентирање на примери ,разговори,презентација	Презентација Разговори	Учебна година	Стручни соработници Одделенски раководители	Записници	Да го запознаат поимот зависност и да станат свесни као таа влијае на конзументите на :алкохол.дрога .тутун.психотропни супстанци ,игри на среќа И нивните семејства
Превенција од злоупотреба на алкохол ,тутун,злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци ,учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција	Едукација како да ја препознаат дрогата и другите наркотични и психотропни супстанци, алхохолот и енергетските пијалоци,	Информирање	Учебна година	Класни раководители, одделенски наставници Стручни соработници	Презентација	Заштита на учениците од злоупотреба на алкохол ,тутун,злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци ,учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција

Да се обезбеди заштита и превенција	Едукација Информирање	Информирање преку презентации,разговори,дискусии	Учебна година	Наставници Стручни соработници	Презентации Флаери Пишани материјали	Заштита и превенција
Развивање на способности за пронаоѓање и користење на начини со кои ќе се одолее на притисокот на врсниците	Индивидуални и групни разговори	Разговор	Во тек на цела учебна година	Наставници Стручни соработници	Записници	Развиени способности за самостојно донесување на правилни одлуки
Запознавање на родителите со штетноста на алкохол.дрога .тутун.психотропни супстанци ,игри на среќа и малолетничка деликвенција	Индивидуални и групни разговори	Предавање дискусии	Во тек на цела учебна година	Одделенски раководители Стручни соработници	Презентација Записници	Превенција од злоупотреба на алкохол ,тутун,злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци ,учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција
Информирање за начин на постапување доколку се дојди во контакт со алкохол.дрога .тутун.психотропни супстанци ,игри на среќа и малолетничка деликвенција	Едукација за начинот на постапување	Предавања	Во тек на цела учебна година	Одделенски наставници, одделески раководители, Елена Кадинска	Презентации	Подигање на јавна свест
Мерки за заштита и превенција од заразни болести	Предавање на тема – Заразни болести	Предавање	Декември	Стручно лице	Презентација	Почитување на Мерките за заштита и превенција од заразни болести

Заштита и превенција на здравјето на учениците ,проширување на нивните знаења за одредени болести	Предавање	Предавање Информирање Едукација	април	Тим за грижа за здравјето , ОО на Црвен крст на Прилеп	Презентација	Заштита на здравјето кај учениците
Заштита и превенција на забите,поврзаноста на болестита на устата со уптребата на дрога ,цигари и алкохол	15 мај Светски ден и недела на здравјето на устата и забите, Систематски прегледи, предавања	предавања, работилници	мај	Здравствен дом- Прилеп, наставници.стоматолози	Презентација, плакати, слики.	Чување на здравјето во устата
Заштита и превенција	Поддршка и превенирање на учениците од зависности	Предавање	Во текот на годината	Стручни соработници Тим за грижа за здравјето, ОО на Црвен крст на Прилеп	Презентација Плакати	Проширени знаења за заштита на здравјето на учениците

Тим за грижа за унапредување на здравјето на учениците во училиштето :
Анета Гулабоска – психолог
Весна Аџеска – одделенски наставник
Јован Цветкоски –одделенски раководител
Филип Димески -наставник

Прилог бр. 8.1.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА следење, анализа и поддршка на оценувањето во ООУ „Манчу Матак“ –Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Согледување на причините за намалување на постигањата	Согледување на причините за намалување на постигањата на учениците	Согледана состојба со форми и фреквенции на постигањата на учениците	По класификациони периоди	Тим за оценување	Компјутер, хартија наставници, извештаи	Согледана состојба со форми и фреквенции на постигањата на учениците
	Презентирање на резултатите	Извештај за состојбата со постигањата	По класификациони периоди	Тим за оценување	Записници од наставнички совет, извештаи	Извештај за состојбата со постигањата
	Подготвување на предлог-активности за подобрување на постигањата	Планирани активности	По класификациони периоди	Тим за оценување	Дискусија, работилници	Предлози кои ќе ги подобрат постигањата
Зголемување на транспарентноста и објективноста при оценувањето	Запознавање на учениците и родителите со критериумите/стандардите за оценување за секоја тема	Наставници Одделенски раководители	Наставни програми	Окт.–Дек.		80% ученици и родители ги познаваат критериумите/стандардите.
Оценување согласно	Планирање на оценувањето	Самостојно планирање Стручни активи Следење на планирањата	Септември, 2025	Наставници	Компјутер, хартија	Сите наставници го планираат оценувањето во своите тематски и дневни планирања

утврдените стандарди и критериуми	Оценување согласно критериуми и стандарди	Следење на доставените критериуми по предмети	Учебна 2025/2026	Наставници	Компјутер, хартија	90% од наставниците имаат изготвено критериуми за оценување
	Следење и поддршка при оценувањето	Стручни активи Консултации	Учебна 2025/2026	Стручни соработници	Компјутер, хартија	Задоволство од наставниците во однос на поддршката
Континуирано следење	Анализа на успехот	Тим за оценување	Во текот на годината	Директор, стручна служба	Компјутер, хартија	3 анализи и мерки.

Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето:

1. Убавка Бутлеска - педагог
2. Дијана Каравилоска – предметен наставник
3. Даниела Мицеска – одделенска наставник
4. Антица Вренцоска – наставник

Прилог бр. 8.2.

План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани за учебната 2026/2027 година

Воспитно – образовниот процес во училиштето се следи од страна на директорот и од страна на Бирото за развој на образованието. Одделни сегменти на воспитно-образовниео процес се следат и од страна на стручните соработници, а ова следење е планирано во нивните програми за работа.

1. Следење и вреднување на планирањата од наставниците по предмети:

вид на планирање кое се следи	**динамика на следењето**	**начин на следење**	**документ за евиденција**	**носители на следењето**
Годишните планирања, за задолжителната, дополнителната и додатната настава и воннаставните активности	Во текот на месец септември	Увид во планирањата, целосност и застапеноста на сите потребни елементи во истите.	Листа за следење на на планирањата Листи за известување.	директор педагог
Дневните планирања/ сценарија за час	Периодично	Увид во дневните планирања и застапеноста на сите потребни елементи во истите	Листа за следење на дневното планирање	директор педагог

2. Следење на педагошката евиденција и документација

Следењето на педагошката евиденција и документација е со цел: увид, контрола и преглед на начинот на кој се потполнува од страна на вработените во училиштето. Следењето во врши директорот на училиштето, стручните соработници и Комисија формирана посебно за таа намена.

вид на документ кој се следи	**динамика на следењето**	**начин на следење**	**документ за евиденција**	**носители на следењето**
Главната книга на учениците	1. на почетокот од учебната година – крајот на септември 2. на крајот од учебната година	1. проверка на внесените податоци за новите ученици 2. проверка на внесените податоци од успехот на учениците	Хронолошки листи за следење и регистрирање на недостатоци	директор педагог психолог
Одделенската книга (дневниците)	По секој класификационен период; ноември, јануари, април и јуни	Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех и друго.	Хронолошки листи за следење и регистрирање на недостатоци	Директор Комисија за проверка
Сведителствата	На крајот од учебната година	Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех.		Директор, Одделенски раководители

Преведниците (запишани и отпишани ученици)	Во текот на целата учебна година (по потреба)	Проверка на внесените податоци за учениците	Евидентен лист за запишани и отпишани ученици	Директор Педагог Одделенски раководител

3. Следење и вреднување на задолжителната, изборната настава, дополнителната и додатната настава:

Наставата ќе се следи на два начина: неструктуирано и структуирано.

Неструктуираното следење и вреднување на наставата ќе се спроведува инцидентно, доколку се јави некаков проблем во паралелката, доколку се добиени информации за неквалитетно изведување на наставата и слично. Кога се следи и вреднува на вакоѕ начин:

- мора да се најави барем еден час порано кај наставникот;
- не треба да се има предвидени очекувања од следењето;
- следењето се бележи во слободна форма;
- се бележат некои впечатливи детали од наставниот процес;
- се обидуваме да го идентификуваме проблемот (доколку постои);
- по следењето белешките се систематизираат и чуваат како извештај од неструктуирано следење на настава;
- по следењето се врши разговор со наставникот, а заклучоците од разговорот се внесуваат во извештајот.

Структуираното следење на наставата е она кое е планирано во годишните програми на директорот. Ова следење: - се договара најмалку ден порано со наставникот;

- однапред се знае што ќе се следи;
- следењето се бележи во однапред изработени обрасци кои се исти за сите следења;
- по следењето се разговара со наставникот или писмено му се доставува на увид извештајот од следењето;

4. Следење и вреднување на воннаставните активности

Реализацијата на воннаставните активности ќе се следи на полугодие и крај година внесувајќи ги содржините во посебен образец за следење.

5. Следење на работатана стручните соработници

Ова следење е од страна на директорот на училиштето и се следат по една активност на стручните соработници по полугодие. Истото:

- се договара најмалку ден порано со наставникот;
- однапред се знае што ќе се следи;
- следењето се бележи во однапред изработени обрасци кои се исти за сите следења.

Тим за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

- Лилјана Стојкоска - директор
- Убавка Бутлеска - педагог
- Анета Гулабоска - психолог
- Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор

Прилог 9.

ПРОГРАМА ЗА ЛИЧНА И КОЛЕКТИВНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

- **во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2025/2026 година**

Согласно правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции (Службен весник на РСМ, бр. 139 од 10.7.2025), како и документите на училиштето поврзани со заштита и безбедност се изработива обаа програма за активности.

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Да се донесе програма за активности на тимот; Да се усвои програмата за активностите на тимот за заштита и безбедност	Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот за планирање	На заеднички состанок да се донесе и да се усвои програмата за активностите на тимот заштита и безбедност	08/2025	Тим за лична и колективна заштита и безбедност	Стручна литература, скица	Успешна реализација и размена на искуства
Да се тестира ѕвоното и алармот за евакуација како знаци за елементарна непогода	Тестирање на ѕвоно, аларм за евакуација	На договорен ден да се тестира ѕвоното, алармот за евакуација	1 – 2 пати во полугодие во ЦОУ и во подрачните	Тим за лична и колективна заштита и безбедност	Училишно ѕвоно, систем за набљудување	Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарна непог.
Да се обучат вработените за брза евакуација при елементарна непогода	Вежбовна активност и евакуација	На заеднички состанок вработените да се обучат за евакуација	10/2025	Тим за планирање вработени и ученици	Средства за прва помош екипа за медицинска помош	Навремено напуштање на училишната зграда и ефикасна примена на наученото
Да се обучат учениците за брза евакуација при елементарна непогода	Вежбовна активност и евакуација	Во рамките на воннаставните активности учениците да се обучат за евакуација	10/2025	Тим за планирање вработени и ученици	Средства за прва помош екипа за медицинска помош	Навремено напуштање на училишната зграда и ефикасна примена на наученото

Вработените да се обучат за правилно и навремено реагирање во случај на незгода	Предавање на вработените за активностите на тимовите	На заеднички состанок вработените да се обучат за правилно и навремено реагирање во случај на незгода	11/2025	Тим за лична и колективна заштита и безбедност	Материјал за презентација	Правилно и навремено реагирање во случај на незгода
Вработените да научат како се дава прва медицинска помош во случај на незгода и истото да го усовршат	Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош	На заеднички состанок вработените да се обучат да даваат прва медицинска помош во случај на незгода	12/2025	Тим за лична и колективна заштита и безбедност	Средства за прва помош (санитетски материјал)	Правилно и навремено реагирање во случај на незгода
Учениците да научат како се дава прва медицинска помош во случај на незгода и истото да го усовршат	Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош	Во рамките на воннаставните активности учениците да се обучат да даваат прва медицинска помош во случај на незгода	02/2026	Тим за лична и колективна заштита и безбедност	Средства за прва помош екипа за медицинска помош	Експедитивност и ефикасност на тимот за прва помош во случај на елеметарна непогода

− препознавање и разбирање на основните поими и видови на природни, техничко − технолошки и други опасности; − препознавање на причините, карактеристиките и можните последици од различни ризични настани; − примена на превентивни и оперативни мерки за лична и колективна заштита и спасување; − запознавање со средствата и опремата што се користи при заштита и спасување; − развивање на способности за соодветно реагирање преку учество во практични активности, симулации и вежби за постапување во ризични ситуации	Содржини адаптирани според возраста на учениците за обучување за самозаштита, вклучувајќи практични активности, вежби и симулации.	Интегрирани наставни теми, проекти, практични вежби, симулации, денови за вежбање	Цела учебна година	Тим за лична и колективна заштита и безбедност, вработени и ученици Стручни активи	Наставен план и програма	Изработен акциски план од страна на активите. Реализирани најмалку 12 наставни часови/ активности

Да се направи евалуација и анализа на спроведените активности за заштита и активности	Евалуација на спроведените активности	Тимот за лична и колективна заштита и безбедност прави анализа на спроведените активности во текот на целата учебна година	06/2026	Тим за лична и колективна заштита и безбедност	Програма за заштита и спасување при елемент. непогоди	Реализирање на програмата и активностите за заштита и спасување

За поквалитетна и попрактична реализација на програмата времето на реализација може да биде променето заради хронолошко следење на настаните.

Тим за лична и колективна заштита и безбедност
1. Пеце Апостолоски - предметен наставник
2. Горан Клекачкоски – одделенски наставник
3. Ленче Сркески – предметен наставник
4. Татјана Чируноска – предметен наставник
5. Јане Петкоски – предметен наставник
6. Христина Каравилоска – одделенски наставник
7. Татјана Петреска – предметен наставник
8. Габриела Ликоска – одделенски наставник

Прилог бр. 10

ПЛАН ЗА ГРИЖА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

1. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ГРИЖА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИЗИЧКОТО ЗДРАВЈЕ

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Превенција за обештетување од повреди	Осигурување на учениците	Информирање	Септември	Класни раководители, одделенски наставници, директор.	Листи Списоци	Надомест за евентуални повреди
Развивање на хуманост и етичност кај учениците	Формирање на тим за прва помош со членови од учениците	Со дадени упатства	Септември	Наставник: Пеце Аостолоски	Записник	Обучени ученици за дададат прва помош онаму каде што е потребна
Да се обезбеди заштита и превенција	Вакцини	Информирање	Во текот на годината	Здравствена установа	Медицински Инструмнти Материјали прибори	Заштита и превенција
Развивање на хуманост и етичност кај учениците	Обуки,натпревари, демонстрации на тимот за прва помош и споделување на постапките со сите ученици	Обуки,натпревари,демонстрации	Во тек на цела учебна година	Наставник Пеце Апостолоски Претставници од Црвен Крст	Медицински материјали	Обучени ученици за дададат прва помош онаму каде што е потребна
Преземање мерки за заштита и превенција; навремено откривање на евентуални болести	Систематски прегледи	Информирање, организирање	Во текот на годината	Здравствена установа	Медицински Инструмнти Материјали прибори	Заштита на здравјето и навремено лечење од евентуални заболувања
Да се подобри хигиената во домот и училиштето	Одржување на хигиената во домот и училиштето	Предавање дискусии	Октомври	Наставници од одделенска и предметна настава	Презентација	Подобрување на хигиената во домот и училиштето
Формирање здрави навики за исхрана на учениците	Едукација на учениците на тема Здрава храна за добро здравје-Животни вештини	Предавања	Ноември	Одделенски наставници, одделески раководители, Елена Кадинска	Презентации Плакати	Подигање на јавна свест

Мерки за заштита и превенција од заразни болести	Предавање на тема – Заразни болести	Предавање	Декември	Стручно лице	Презентација	Почитување на Мерките за заштита и превенција од заразни болести
Заштита и превенција на здравјето на учениците ,проширување на нивните знаења за одредени болести	Предавање	Предавање Информирање Едукација	април	Тим за грижа за здравјето , ОО на Црвен крст на Прилеп	Презентација	Заштита на здравјето кај учениците
Заштита и превенција на забите	15 мај Светски ден и недела на здравјето на устата и забите, Систематски прегледи, предавања	предавања, работилници	мај	Здравствен дом- Прилеп, наставници.стоматолози	Презентација, плакати, слики.	Чување на здравјето во устата
Заштита и превенција	Поддршка и превенирање на учениците од зависности	Предавање	Во текот на годината	Стручни соработници Тим за грижа за здравјето, ОО на Црвен крст на Прилеп	Презентација Плакати	Проширени знаења за заштита на здравјето на учениците

2. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ЕМОЦИОНАЛНИ ПРОБЛЕМИ

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Запознавање со учениците	Индивидуално запознавање со учениците со емоционални потешкотии	Разговори Дискусуија	Септември	Стручни соработници	Записник од разговори	Добивање точни информации за учениците
Обезбедување поддршка од соучениците	Советодавно.консултативни .разговори со одд.настваници и ракововодители и УЗ на паралелката	Разговори Комуникација Работилници	Во тек на цела учебна година	Наставници Тим за грижа за здравјето на учениците Стручни соработници	Записници	Подобрување на социјализацијата на овие ученици
Подршка на учениците со емоционални потешкотии	Советодавни разговори со учениците со емоционални проблеми	Разговори Совети дискусии	Во тек на цела учебна година	стручни соработници	Записници	Задоволни ученици

Добивање на повеќе информации за учениците	Примена на психолошки мерни инструменти	Разговори	Во тек на цела учебна година,ако има потреба	Психолог	Проективни техники	Помош во однос на проблемот кој што го имаат учениците
Добивање на повеќе информации за учениците	Средба и советодавни разговори со родителите на ученикот кој манифестира емоционални проблеми	Разговори Советодавни разговори Дискусии	Во тек на цела учебна година	стручни соработници	Записници	Учество на родителите во животот на училиштето и нивни придонес во подобро решавање на проблемите
Постигнување на подобар успех и подобрување на однсувањето на учениците	Препораки за родителите кои имаат дете кое манифестира емоционални проблеми	Разговори Советодавни разговори Дискусии Препораки	Во тек на цела учебна година	стручни соработници	Записници	Добивање соодветен одговор од повиканата институција
Давање соодветна помош на учениците	Барање на помош (или упатување) од соодветна установа – Медицински центар, Центар за социјални работи ...	Разговори Препораки	Во тек на цела учебна година,ако има потреба	стручни соработници раководители на паралелки	Документи според потребите и барањата на институција	

Тим за грижа за унапредување на здравјето на учениците во училиштето :
Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор
Елена Кадинска – предметен наставник
Анета Гулабоска – психолог
Кристина Кожеска – одделенски наставник

Прилог бр. 11.1.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНА ДИСЦИПЛИНА во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**Инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Да се намали бројот на евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници	Изготвување распоред за дежурство на учениците по паралелки	Редовни дежурства од страна на наставниците	На почетокот на учебна година	Одделенски раководител Заедница на паралелката	Писмена евиденција од дежурства на наставниците	Безбедно одвивање на наставниот процес
За одржување на дисциплината во училиштето да се вклучени сите наставници	Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени	Редовни дежурства на наставниците за време на одморите во училишниот двор како и во ходниците	На почетокот на учебна година	Директор Одговорен наставник за распоред на часови	Евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците	Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор
Да се намали бројот на изречени педагошки мерки за учениците	Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на одделенските заедници и Училишниот парламент	Постојана комуникација наставник –ученик и дискусија околу проблемите поврзани со дисциплината	Во текот на учебната година	Одделенски раководители Одделенски заедници Училиштен парламент	Протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници	Соодветно однесување од страна на учениците

Да се намали бројот на изречени педагошки мерки за учениците во училиштето	Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците	Постојана комуникација наставник –ученик и дискусија околу проблемите поврзани со дисциплината за да не дојде до поголеми проблеми	Во текот на учебната година	Одделенски раководители и ученици	протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници	Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените

Тим за подобрување на училишната дисциплината:

1. **Дејана Тренеска – одделенски раководител**
2. Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор
3. Магдалена Дисоска – одделенски наставник
4. Елена Кадинска – одделенски раководител
5. – ученички парламент

Прилог бр. 11.2.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Училниците да се одржуваат чисти, уредни и естетски уредени со соодветна декорација	Уредување и одржување на училниците	Разговор, практична работа	Во текот на целата учебна година	Одделенски раководители и ученици	Изработки од учениците, готови плакати, други наставни средства и помагала	Креативно уредена училница и пријатна атмосфера за работа
Училишниот хол и ходниците да бидат соодветно уредени.	Уредување на училишниот хол и ходниците	Разговор, практична работа	Континуирано во текот на цела учебна година	Наставници и ученици	Изработки од учениците, дипломи, пофалници	Претставување на работата на наставниците и учениците и развивање на креативност и естетски вредности
Чист, уреден и функционален училиштен двор.	Уредување и одржување на училишниот двор	Разговор, практична работа	Според планираните активности	Техничка служба, наставници, ученици, родители и вработени	Според планираните активности	Естетско уреден , функционален и чист училиштен двор
Поттикнување на еколошката свест кај учениците и вработените.	Еко уредување на училишниот простор	Разговор, практична работа	Континуирано	Наставници и ученици	Еколошки материјали, човечки ресурси	Развивање на еколошката свест

Време на реализација	***Активност***	***Реализатор***
Септември	●Уредување на училишниот хол по повод 1 Септември, првиот училишен ден ●Уредување на пано по повод 8 Септември, Ден на независноста на Р. Северна Македонија	***Тим на наставници за естетско и функционално уредување*** ***Одделенски и предметни наставници пред својата училница/кабинет***
Октомври	● Уредување на училишниот хол-есен ● Уредување на пано по повод Детска недела ● Уредување на пано по повод ден на учителите ●Изложба на ликовни и литературни творби по повод 11 Октомври, Ден на Востанието на Р. Северна Македонија	
Ноември	●Уредување на училишен хол-зима • Уредување на пано по повод Светски ден на детето	
Декември	●Уредување на пано по повод 8 Декември, Ден на Св.Климент Охридски ●Уредување на пано по повод Новогодишните и Божиќните празници	
Март	●Уредување на пано по повод 8 Март, Денот на жената ●Уредување на пано по повод Ден на пролетта и екологијата ●Уредување на пано по повод Ден на водата	
Април	●Уредување на училишниот хол по повод Велигденските празници ●Уредување на пано по повод 22 Април, Ден на планетата Земја	
Мај	●Уредување на пано по повод Денот на училиштштето и 24 Мај, Ден на словенските просветители Св. „Кирил и Методиј“ • Уредување на пано по повод меѓународнот ден на семејството	
Јуни	●Уредување на училишниот хол со дипломи, пофалници и благодарници по повод постигнатите успеси на учениците и наставниците -ментори во текот на учебната година	

Тим за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

1. Леонора Рујаноска – одделенски наставник - координатор
2. Стојан Дурланов – предметен наставник
3. Татјана Петреска – предметен наставник
4. Лилјана Искова – одделенски наставник
5. _____ – ученички парламент
6. Вера Богеска – помошен работник ЦОУ
7. Оливер Бутракоски – помошен работник ПУ

Прилог 11.3

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ ВО УЧИЛИШТЕТО
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Рекреација, ведар дух, позитивност,подобрување на односите меѓу колегите.	Спортски натпревари	Организирање на спортски натпревари.	Во текот на целата учебна година	Наставници, стручни соработници, директор.	Спортски реквизити, топки.	Подобрување на односите, оптимизам.
Подобрување на односите меѓу колегите.	Екскурзии, излети	Организирање на екскурзии и излети	Во текот на целата учебна година	Наставници, стручни соработници, директор	Превоз, финансиски средства.	Поминување повеќе време заедно со колегите, организирање на активности за време на екскурзии кои придонесуваат во подобрувањето на меѓучовечките односи.
Зедничко прославување соодветно на празници.	Организирање и прослава на празници	Прослава на празници, прослава на патрониот празник на училиштето.	Во текот на целата учебна година	Наставници, стручни соработници, директор.	Финансиски средства, озвучување.	Забава, релаксација, дружење.
Споделување на искуство, размена на идеи, подобрување на квалитетот на наставата.	Организирање на интерни обуки	Собир на колегите за време на интерните обуки	Во текот на целата година	Наставници, стручни соработници, директор	Хартија, печатач, маркери, LCD проектор, компјутер.	Збогатување на знаењето за подобрување на наставата
Разјаснување на дилеми, подобрување на односите, барање на совети.	Консултација со стручни соработници, директор.	Повеќе заеднички средби за консултација	Во текот на целата година	Наставници, стручни соработници, директор	Човечки ресурси	Подобрени односи меѓу вработените, решавање на проблеми.

Споделување на искуство, размена на идеи, подобрување на квалитетот на наставата	Организирање на средби на стручни активи	Пренесување на искуства, идеи, активности.	Во текот на целата година	Наставници, стручни соработници, директор.	Хартија, печатач, маркери, LCD проектор, компјутер.	Збогатување на знаењето за подобрување на наставата
Развивање на еколошка свест, чиста работна средина	Еко акции	Организирање еколошки акции во текот на учебната година	По потреба	Наставници, стручни соработници, директор	Корпи за отпадоци, нараквици, вреќи, грибла.	Почиста средина за работа и развиена еколошка свест.
Развивање на солидарност, хуманоста, желбата за помагање.	Хуманитарни акции	Организирање на хуманитарни акции.	По потреба	Наставници, стручни соработници, директор.	Човечки ресурси.	Развиена хуманост и солидарност.
Поддршка на колегите кои сакаат да напредуваат, промоција на училиштето	Учество во комсии за унапредување на кадри	Организирање на комисии за поддршка на кадрите	По потреба	Наставници, стручни соработници, директор	Човечки ресурси.	Поголема поддршка на колегите кои сакаат да напредуваат
Зголемување на соработката, заедничко планирање и изготвување на Годишната програма	Изготвување на заедничка Годишна програма на училиштето.	Организирање тимови и нивни заеднички средби за изготвување на програмата.	јуни	Наставници, стручни соработници, директор.	Човечки ресурси, компјутер.	Квалитетно сработена Годишна програма.

Тим за подобрување на односите меѓу сите структури во училиштето:

1. Лилјана Стојкоска
2. Наташа Димоска
3. Пеце Апостолоски
4. Сашка Комициоска
5. Дејана Тренеска
6. Вера Богеска
7. Роберт Пејоски

Прилог бр. 11.4.

Согласно Законот за основно образование (Сл.весник на Р Северна Македонија бр.161/19, 229/20, 03/25 И 74/25), Статутот на Училиштето, Павилникот за начинот за пријавување и заштита на ученик – жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта и Стандардите за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта
ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани го прилагодува својот:

Куќен ред
- **правила за однесување на сите субјекти во училиштето -**
за учебната 2026/2027 година

Член 1

Работното време на Училиштето во ЦОУ во Кривогаштани е во две смени од кои прва смена од 7.30 до 13.30 часот и втора смена од 13.05 до 18.45 часот. Во подрачните училишта, првата смена започнува од 7.30 до 13.00 часот, додека втората смена во Крушеани е од 13.05 до 18.45 часот.

1. ОДРЕДБИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Член 2

Учениците се должни на училиште да доаѓаат 10 минути пред почнувањето на наставата и по влегувањето во училиштето да одат во својата училница.
Дежурните ученици ги вршат следните работи:
- ја прегледуваат училницата и ги пријавуваат евентуалните штети и заборавени предмети кај дежурниот наставник;
- ја бришат таблата и обавуваат и други работи за нормално отпочнување на часот;
- последни ја напуштаат училницата водејќи сметка за инвентарот, прозорците и приборот што наставникот го остава во училницата;
- води грижа за хигиената во училницата
- ги пријавуваат на одделенскиот раководител, учениците кои се отсутни и оние кои го нарушуваат редот и дисциплината во паралелката и учениците кои направиле штета.
- во случај на отсуство на одделенскиот раководител, ги пријавуваат учениците кои го нарушуваат редот и дисциплината во паралалеката и учениците кои направиле штета кај стручните соработници.

Член 3

За време на големите одмори учениците се должни да престојуваат во дворот на училиштето (освен доколку временските услови тоа не го дозволуваат) и таму ја јадат храната.

Забрането е внесување и консумирање храна и пијалоци во училницата.

Учениците се должни да го чуваат инвентарот и да внимаваат на естетскиот изглед на училиштето, да се грижат за хигиената,а отпадоците се должни да ги фрлаат во корпите за отпадоци во училниците и ходниците.

Секоја намерно или од невнимание направена штета од страна на ученикот ја надоместува неговиот родител односно старател.

Член 4

Секој ученик мора да води грижа за ИКТ опремата во училиштето, во случај на било какво оштетување или нефункционирање на истата учениците се должни да пријават кај дежурниот наставник, одделенскиот раководител или стручната служба веднаш по забележувањето. Секое намерно или од невнимание оштетување на ИКТ опремата од страна на ученикот ја надоместува неговиот родител/старател во целост.

Доколку не се пронајде сторителот штетата ќе ја надоместат родитетлите/старателите од учениците на целата паралелка.

Член 5

Ако наставникот задоцни на часот пет минути, дежурниот ученик го известува за тоа директорот или стручните соработници. Ако наставникот не дојде, а замена нема, известеното лице одлучува дали учениците ќе останат во училницата или ќе излезат во дворот на училиштето.

Член 6

По завршувањето на наставата учениците од Кривогаштани се должни да ја напуштат училишната зграда и дворот, внимавајќи на своето однесување претставувајќи го угледот на училиштето.

Учениците кои патуваат, превозот го чекаат во училишниот двор. Доколку има некакви проблеми со превозот се известува директорот или секретарот на училиштето.

Додека го чекаат превозот и додека се возат, учениците треба да бидат точни, културни и дисциплинирани.

Член 7

Учениците...

- се должни навреме и редовно да доаѓаат на настава
- се должни да се грижат за училишниот простор и имот
- се должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина
- треба да бидат совесни, одговорни, со должно почитување кон сите
- треба да доаѓаат уредни (забрането носење на кратки панталони, искинати фармерки, кратки блузички и сукњи, вештачки нокти, шминка и сл.)
- на часовите треба внимателно да слушаат и навреме и целосно да ги извршуваат училишните обврски
- треба да придонесуваат за одржување работна атмосфера
- по завршувањето на часовите сите ученици се должни својот училишен прибор, облека и обувки да ги понесат со себе, а дежурниот ученик е должен да провери и истите да ги отстрани од училницата и да ги предаде кај стручните соработници.
- се должни редовно да носат училишен прибор, учебници, тетратки и спортска опрема

- се должни да соработуваат со наставниците, стручните соработници и другите субјекти во училиштето
- се должни да покажат почитување и толеранција кон соучениците и наставниците
- се должни да помагаат на помалку успешните ученици
- не смеат недолично да се однесуваат
- не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна
- на часовите не е дозволено да се џвакаат мастики и да се лепат на клупите и столчињата
- не смеат да викаат и трчаат по ходниците
- за време на малите одмори учениците се должни да не ја напуштаат училиштната зграда
- не смеат да приговараат на опомените на дежурните наставници и другите вработени во училиштето
- по ѕвонењето на ѕвончето учениците веднаш треба да влезат во училницата
- повозрасните ученици не смеат да ги навредуваат и да се однесуваат насилно кон помалите и послабите ученици
- пристојно и трпеливо треба да бидат во училницата пред започнувањето на часот
- не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето
- доколку било кој ученик насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, училницата или училишниот двор, мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску
- кога наставникот зборува, ученикот не смее да го прекинува
- треба да им се обраќаат со ВИЕ на возрасните
- треба да користат молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација
- треба да поздравуваат со добро утро, добар ден и догледање
- не смеат да користат вулгарни зборови кога комуницираат
- се должни да ги почитуваат правилата кои ги договориле со наставникот
- не смеат да носат предмети со кои би можеле да ги повредат другите ученици и вработени;
- треба да покажуваат толеранција со учениците во комуникацијата
- секое незадоволство треба да го искажат со одбрани и пристојни зборови
- треба да бидат самокритични, па потоа да критикуваат;
- се должни да си ги чуваат своите предмети и не смеат да посегнат по туѓите
- не смеат да ги потценуваат способностите на своите соученици
- повозрасните ученици се должни да се однесуваат коректно кон помалите
- се должни да ги почитуваат разликите;
- се должни редовно да ги информираат своите родители за случувањата во училиштето
- задолжително треба на родителите да им ги пренесуваат информациите по барање на наставникот и/или стручниот соработник

Член 8

На учениците им е **забрането** да пушат или да консумираат алкохолни и енергетски пијалаци и електронски цигари.

На учениците им е **ЗАБРАНЕТО** да внесуваат предмети што не се поврзани со наставата(мобилни телефони,скап накит и слични вредни работи). Доколку ученикот се види дека носи мобилен телефон, наставникот има право да му го одземе и истиот го доставува кај директорот на училиштето од каде може да го земе само родителот од ученикот.

Се забранува внесување на опасни, запалливи и експлозивни средства со кои се загрозува безбедноста на учениците, вработените и училиштето.

Употребата на мобилни телефони од страна на учениците е забранета за време на наставата.

Телефоните на наставниците и стручните соработници се достапни за потребите на учениците.

Дозволено е користење на мобилни телефони само во случаи кога тоа го налага наставата. Во тој случај предметниот наставник ги известува учениците дека е потребно да носат и истите ги оставаат во посебна кутија во просториите на стручните соработици. Телефоните ги користат само за време на часот и потоа ги враќаат во просториите на стручните соработници.

Член 9

Учениците не смеат неоправдано да отсуствуваат од часови. Отсуствувањето од одреден час го одобрува предметниот наставник, а отсуствувањето во текот на целиот ден го одобрува одделенскиот раководител. Подолгите отсуства ги одобрува директорот.

Член 10

Самоволното напуштање на часот, пред и за време на настава од страна на ученикот се смета за прекршок и за тоа покрај неоправдан изостанок се изрекува и соодветна педагошка мерка.

Член 11

Забрането е секаков вид на насилство меѓу учениците, доколку се случува насилство врз нив или пак се набљудувачи нивна должност да го пријават кај одделенскиот раководител, стручните соработници или пак кај кој било вработен од училиштето кај што тие се чувствуваат најсигурни.

Член 12

Следуваат видовите на насилство кои можат да се појават помеѓу учениците, а се строго забранети:

- **Физичко насилство -** удирање чврги, штипење, гребење, кубење, гризење, валкање, шутирање, сопнување, шамарање, удирање, газење, кинење на облеката затворање, плукање, одземање и уништување на сопственост, тепање, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици укажана помошод лекар, напад сопалка, нож, оружје кои можеда имаат фатален исход, предизвикување на изгореници забрана нахрана и спиење, изложување наниски температури, уништување на предмети.
- **Емоционално/ психичко насилство -** исмевање, омаловажување, озборување, навредување, ословување сопогрдни имиња, пцуење, имитирање, прозивање уценување, закани, неправедно казнување, забрана за комуницирање, етикетирање, исклучување, отфрлање, манипулирање застрашување соуцена, рекетирање, ограничување надвижење, наведување накористење на психоактивни супстанции (легални или нелегални), вклучување восекти, занемарување.
- **Социјално насилство -** дофрлање, потсмевање, игнорирање, сплеткарење, отфрлање, игнорирање, невклучување, неприфаќање, манипулирање, експлоатација, исклучување од групата врз дискриминаторска основа, навреди и вознемирување, сериозни закани за животот, терор на групанад поединец/група, дискриминација,организирање на затворени групи (кланови), навреди и вознемирување на дискриминаторска основа.
- **Сексуално насилство/ злоупотреба -** дофрлање, пцуење, негативни коментари, гестикулации сосексуална алузија, сексуално допирање, соблекување.

- **Кибер насилство -** повременивознемирувачки повици на телефон, вознемирувачки СМС,ММС пораки, вознемирувачки пораки на социјалните мрежи злоупотреба на форуми и четувања, дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност, снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани.

Секое насилство подетално е опишано и категоризирано според табелите 1, 2 и 3 дадени во Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување, а според тежината и такви мерки ќе бидат превземени за разрешување на случајот.

Член 13

Учениците ќе бидат информирани за сите видови насилство и мерките кои се превземаат доколку се идентификува првично од своите одделенски раководители и наставници, а потоа во текот на цела учебна година континуирано преку активности ќе се работи за одржување на безбеден и сигурен образовен процес.

Информирањето на учениците ќе биде на соодветен начин, приспособен на нивната возраст.

При упис на ученици, училиштето е должно да ги информира родителот/старателот и ученикот на разбирлив начин соодветен за возраста и зрелоста, за содржината на упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување.

Член 14

Училиштето има обврска да спроведе постапката за пријавување и заштита на ученик – жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

При појава на насилство ќе се следи процедурата пропишана во интерниот акт за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

Училиштето ја почитува приватноста на учениците при спроведувањето на упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување.

При спроведувањето на мерките на заштита на мерките на заштита на ученик жртва и мерките за промена на однесувањето на учениците сторители ќе се разговара во приватни простории. При одлучувањето и спроведувањето на овие мерки ќе се вклучат само неопходните лица, во согласност со Упатството

Учениците ќе бидат информирани кои се другите лица со кои ќе биде споделена информацијата, нивната улога и обврски во понатамошните постапки мерки и активности.

Секое насилство се евидентира во посебно за тоа даден формулар.

Во училиштето е определено лице за контакт за пријавување на насилство – психолог и заменик – наставник.

Доколку насилството се повторува или се случува потешка форма на насилство може да се повикаат претставници од други институции како полиција, Центар за социјални работи, здравствени установи, согласно околностите на случување на насилството

Целта на интервенцијата е, пред сè, да се запре насилството и злоупотребата, да му се обезбеди сигурност на секој ученик , да се намали ризикот од повторување на насилството и да се ублажат и отстранат последиците од него.

Интервенцијата го опфаќа следново:

- ✓ Усогласена и доследна примена на утврдените постапки и процедури во ситуации на насилство;
- ✓ Соработка со релевантните институции и служби;

- ✓ Континуирано евидентирање на случаите на насилство, следење и вреднување на видовите и зачестеноста на насилството по пат на истражување, забележување и проверка;
- ✓ Давање поддршка наученицитe кои трпат насилство;
- ✓ Работа со учениците кои вршат насилство;
- ✓ Зајакнување на учениците кои се набљудувачи на насилството и насоки за конструктивно реагирање;
- ✓ Советодавна работа со родителите на учениците кои трпат насилство и на децата кои вршат насилство

Член 15

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението.

Доколку се работи за насилство се применуваат и следниве мерки за заштита на жртвата од насилство:

- преместување на сторителот во друга парарелка,
- физичко оддалечување од жртвата,
- забрана на сторителот да и се приближува на жртвата, доколку посетуваат вонучилишни активности, екскурзии или училишни клубови,
- преместуавање на сторителот во друго училиште со цел да се прекине преживувањето на траумата и да се започне на интеграција на жртвата (за спроведување на оваа мерка училиштето соработува со Локалната самоуправа и Министерството за образование и наука).

2. ОДРЕДБИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Член 16

Работното време на наставниците изнесува 40 часа седмично, од кои 25-30 часови поминуваат во училиштето во кое влегува одржување на задолжителната, дополнителната, додатната, изборната настава, слободните ученички активности, одделенското раководење, дежурство, прием на родители, подготовка за работа, стручно усовршување и други активности поврзани со воспитно-образовната дејност, а останатите часа се предвидени за подготовка на наставата.

Дневниот одмор наставниците ќе го користат за време на големиот одмор.

Работното време на педагогот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето е од 7.00 до 15.00 часот. Истите се должни своите задолженија да ги обавуваат секојдневно во континуитет, како и да се грижат за нормално одвивање на наставата и дисциплината кај учениците доколку тоа го побараат наставниците.

Дневниот одмор истите ќе го користат од 9.00 до 9.30 часот.

Работното време на библиотеката е во времетраење од вкупно 20 работни саати неделно.

Наставниците/стручните соработници се должни да го почитуваат работното време утврдено со сатницата за започнување и завршување на работниот ден, односно наставата.

Наставниците/стручните соработници на работа доаѓаат најмалку 15 минути пред почнувањето на наставата, а дежурните наставници 20 минути пред започнувањето на наставата.

Дежурниот наставник е должен пред влегувањето на учениците да го провери делот каде што дежура и доколку забележи некои оштетувања на инвентарот или хигиената во просториите не е задоволувачка, за тоа веднаш да пријави кај директорот или секретарот.

Дежурните наставници го организираат дисциплинираното влегување на учениците во училиштето, нивното однесување за време на одморите и се грижат да не доаѓа до оштетување на објектот или инвентарот во училиштето се до завршувањето на наставата во таа смена.

Дежурниот наставник е должен:

- пред почетокот на наставата да го провери присуството на наставниците и доколку има евентуално отсутни наставници го запознава директорот на училиштето за да се превземат мерки за организирање замена.
- наставникот одговорен за распоредот во училиштето е должен да направи промена на распоредот при отсуство на наставник
- да ја кординира работата во однос на одржувањето на часовите и другите активности во училиштето.

Наставниците се должни на време да го започнуваат наставниот час, да не го напуштаат предвреме часот и за секое напуштање или не доаѓање на час на време да го известуваат директорот на училиштето.

Користењето слободен ден наставниците/стручните соработници го најавуваат, односно поднесуваат барање до директорот на училиштето.

Член 17

Наставниците/стручните соработници мора да внимаваат за својот авторитет пред учениците, родителите и средината во која работи училиштето и во тој поглед да ги почитуваат законските прописи и нормативните акти на училиштето

Наставникот/стручниот соработник:

- Секогаш треба да е пример со својот изглед и своето однесување, да претставува позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесува во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смее да ја користи сопствената позиција за да обезбеди лични привилегии;
- Должен е професионално да се однесува и да има недискриминаторски однос кон учениците;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки:
- Должен е редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
-
- Наставникот треба редовно и навремено да го повикува родителот за постигањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Должен е да го упатува родителот на помош од компетентни лица во ситуации кога за тоа има потреба;
- Потребно е да го почитува секој свој колега, да соработува, да разменува мислења и искуства врзани за работата. Соработката треба да се темели врз несебично споделување, знаења, искуства и добри практики. Помош кон колегите и приправниците почитувајќи го нивниот авторитет и личност. Односот кон колегите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;
- Треба да реагира во случај кога колегите ги кршат стандардите за професионално однесување и етичките принципи на професијата и не злоупотребува информации за професионалната работа и за приватниот живот на колегите;
- Должен е одговорно се однесува кон ресурсите на училиштето;
- Треба да не прифаќа сугестии, притисоци од колеги, надредени или други лица што бараат однесување што е спротивно на професионалните и етичките норми;

- Должен е да се ангажира во работата на стручниот актив;
- Должен е редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Должен е да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во училницата/училиштето;
- Треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени
- Наставниците кои предаваат во одделенска и предметна настава се должни да не го напуштаат работното место според дневното работно време утврдено со закон.
- Наставниците се должни навремено да ги испраќаат информациите за постигнувањата на учениците во наставните и воннаставните активности до одделенските раководителти.
- Наставниците се должни при секое користење на материјали од кабинетот по природни науки за тоа да го известуваат одредената лице назначено од директорот и истите да потпишат изјава за состојбата на земениите предмети и истите да ги вратат по завршувањето на користењето.

Член 18

Наставниците задолжително се придржуваат на распоредот за дежурства, а исто така се должни да се грижат и за нагледните средства и техничките помагала.

Наставникот на секој час води сметка за состојбата на техничката опрема со која располага училницата. Доколку при работата забележи проблем го пријавува кај директорот.

Дежурствата од наставниците се запишани во неделниот распоред на часови.

На првиот и вториот кат дежураат по двајца наставници во текот на денот.

Секоја промена на распоредот, меѓусебни замени на часовите меѓу наставниците или промена на училница претходно треба да се најави кај директорот на училиштето.

Дежурните наставници се должни да го известат директорот доколку забележат прекин на електрична енергија, водоснабдување и поголеми проблеми кои можат да го попречат наставниот процес.

Член 19

Секој наставник е должен да биде присутен во училиштето во периодот определен за прием на родители, а истиот е истакнат на огласната табла во училиштето.

Наставникот/стручниот соработник соработува со родителите на учениците така што:

- ги вклучува во донесувањето на одлуки поврзани со грижата за нивните деца и нивното учење;
- им дава навремени и детални информации за состојбата на нивните деца освен во случај кога тоа не е во најдобар интерес на детето;
- во работата со учениците ги зема предвид информациите кои родителите му ги дале за состојбата на нивните деца и на барање на родителот ги соопштува само со наставниците кои се директно вклучени во воспитно образовниот процес на тие деца.
- ги разбира и излегува пресрет на потребите на семејствата од ранливи категории во рамките на својата професија;

Наставникот/стручниот соработник кон родителите се однесува етички и со почит така што:

- во комуникацијата со нив задржува професионална дистанца;

- со нив се однесува со разбирање, почит, непристрасно и правично;
- ги сослушува и почитува нивните гледишта;
- создава взаемна доверба;
- ја почитува приватноста и доверливоста на информациите за учениците и нивните родители/старатели/семејства.

Член 20

Наставникот/стручниот соработник создава можности сите ученици да учат и напредуваат така што:

- Добро ги познава своите ученици, ги почитува нивните индивидуални разлики и способности и обезбедува квалитетна воспитно-образовна работа, прилагодена на нивните потреби;
- Ги мотивира и им помага на учениците да ги развиваат своите способности, вештини и таленти;
- Ги поттикнува учениците да размислуваат за сопствените вредности и да ги развиваат истите;
- Прифаќа одговорност за постигнувањата и напредокот на учениците.

Кон учениците се однесува со грижа и почит така што:

- Покажува грижа за безбедноста и за физичката, пихичката и социо-емоционалната добросостојба на учениците;
- Создава взаемна доверба со учениците и ги заштитува од заплашување, срам, понижување, атак врз нивната автономија или било каков друг вид на насилство;
- Со учениците се однесува со разбирање, почит, непристрасно и правично и ја почитува приватноста и доверливоста на информациите за учениците и ги користи само во најдобриот интерес на ученикот и во согласност со законските барања.

Наставникот/стручниот соработник со учениците се однесува непристрасно и професионално така што:

- Рамноправно ги третира сите ученици и неселективно им дава поддршка во рамките на професионалните компетенции;
- Ги сослушува и почитува гледиштата на учениците;
- Транспарентно и непристрасно донесува одлуки што се во најдобар интерес на учениците;
- Во комуникацијата со учениците во сите ситуации задржува професионална дистанца;
- Релациите со учениците не ги користи за остварување на лични цели и придобивки.

Член 21

- Сите наставници и стручни соработници треба да бидат вклучени во делот на превенција на насилство во училиштето
- Наставникот/стручниот соработник треба биде вклучен во превземање дејства за заштита, пријавување насилство, започнување постапка за заштита, сведочење во текот на постапката или на друг начин учество во постапка за заштита од насилство, дискриминација или друга повреда на правата на учениците;
- Доколку наставникот/стручниот соработник кој спроведува мерки и активности за заштита од насилство има судир на интереси должен е да го изјави тоа и да се изземе од тимот;
- Секој наставник/стручен соработник е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство врз ученик и да дејствува во секое време кога ученик ќе побара било каква помош од него или ќе се пожали на било која форма на насилство;
- Наставникот/стручниот соработник внимава на знаците кои можат да се појават кај учениците, а се поврзани со насилство: на физички, физиолошки и емоционален план, како и во однесувањето на учениците на училиште и дома;

- Наставниците/стручните соработници се должни веднаш да го прекинат насилството, но доколку проценат дека не можат сами веднаш треба да повикаат полиција. За истото треба да го информираат контакт лицето назначено од училиштето и родителот, освен кога информирањето на родителот не е во најдобар интерес на ученикот;
- Одделенските раководители и раководителите на пралелките се должни најмалку еднаш годишно и секогаш кога има потреба на часот на одделенска заедница да разработуваат содржини, да спроведуваат работилници, интерактивни вежби и дискусии на теми поврзани со спречување и заштита од насилство согласно потребите на паралелката;
- Наставниците/стручните соработници во рамките на воннаставните активности се должни да организираат активности за спречување и заштита од насилство.

Член 22

Наставниците/стручните соработници треба непристрасно да ги почитуваат одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси

- Наставникот/стручниот соработник е должен да ги пријави сознанијата при прекршувањето на Законот до Државната комисија за спречување на корупција;
- Наставникот/стручниот соработник треба да се воздржи од дејствување под влијание на примена корист од било каков вид или ветување за примање на корист.

3. ОДРЕДБИ ЗА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

Член 23

Училишниот одбор е орган на управување на училиштето и работи согласно Законот за основно образование и документите кои произлегуваат од него, Статутот на училиштето, својот деловник за работа и програмата за работа.

Секој член од училишниот одбор е должен редовно да присуствува на состаноците и активно да учествуваво истите, освен ако не е објективно спречен во тоа и претходно најавен.

Член 24

Членовите на училишниот одбор преку својата работа:

- Мора да внимаваат на својот авторитет пред учениците, вработените, родителите и средината во која работи училиштето и во тој поглед да ги почитуваат законските прописи и нормативните акти на училиштето.
- Треба да се пример со својот изглед и своето однесување, да претставуваат позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесува во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смеат да ја користат сопствената позиција за да обезбедат лични привилегии;
- Во својата работа најпрво треба да се водат од најдобриот интерес на детето/ученикот.
- Потребно е да ги почитуваат сите вработени подеднакво, да соработуваат, да разменуваат мислења и искуства поврзани со работата.
- Меѓусебниот однос со членовите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;

- Треба да реагираат во случај кога во училиштето се кршат стандардите за професионално однесување и етичките принципи на професијата;
- Должни се одговорно да се однесуваат кон ресурсите на училиштето;
- Да не прифаќаат сугестии, притисоци од лица што бараат однесување што е спротивно на професионалните и етичките норми;
- Да даваат поддршка на процесот на превенција и интервенција на насилство во училиштето.

Член 25

Членовите на училишниот одбор треба непристрасно да ги почитуваат одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси и треба да се воздржат од дејствување под влијание на примена корист од било каков вид или ветување за примање на корист.

Член 26

Директорот на училиштето е раководен орган. Се грижи за целокупната работа на Училиштето во текот на работниот ден, за почитувањето на одредбите на Правилникот за однесување од сите субјекти и интервенира каде што ќе се појави потреба.

Работното време на директорот на училиштето е од 7.00 до 15.00 часот и во тој период своите работи и работни задачи да ги обавува секојдневно во континуитет.

Член 27

Директорот:

- Мора да внимава на својот авторитет пред учениците, вработените, родителите и средината во која работи училиштето и во тој поглед да ги почитува законските прописи и нормативните акти на училиштето.
- Секогаш треба да е пример со својот изглед и своето однесување, да претставува позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесуваат во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смее да ја користи сопствената позиција за да обезбеди лични привилегии;
- Во својата работа најпрво треба да се води од најдобриот интерес на детето/ученикот.
- Должен е професионално да се однесува и да има недискриминаторски однос кон учениците;
- Потребно е да ги почитува сите вработени подеднакво, да соработува, да разменува мислења и искуства поврзани со работата. Односот кон колегите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;
- Треба да реагира во случај кога вработените ги кршат стандардите за професионално однесување и етичките принципи на професијата и не злоупотребува информации за професионалната работа и за приватниот живот на вработените;
- Должен е одговорно се однесува кон ресурсите на училиштето;
- Да не прифаќа сугестии, притисоци од вработени, надредени или други лица што бараат однесување што е спротивно на професионалните и етичките норми;
- Треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во училиштето;
- Треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени.

Член 28

Директорот треба да биде вклучен во делот на превенција и интервенција на насилство во училиштето:

- Да дава поддршка и го овозможи процесот на превенција и интервенција на насилство во училиштето;
- Да биде вклучен во превземање дејства за заштита, пријавување насилство, започнување постапка за заштита, сведочење во текот на постапката или на друг начин учество во постапка за заштита од насилство, дискриминација или друга повреда на правата;
- Доколку директорот кој спроведува мерки и активности за заштита од насилство има судир на интереси должен е да го изјави тоа и да се изземе од тимот;
- Директорот е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство врз ученик и да дејствува во секое време кога ученик ќе побара било каква помош од него или ќе се пожали на било која форма на насилство.

Член 29

Директорот треба непристрасно да ги почитува одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси

- Директорот е должен да ги пријави сознанијата при прекршувањето на Законот до Државната комисија за спречување на корупција;
- Директорот треба да се воздржи од дејствување под влијание на примена корист од било каков вид или ветување за примање на корист.

Член 30

Советот на родители работи согласно својот деловник за работа и програмата за работа.

Секој член од советот на родители е должен редовно да присуствува на состаноците и активно да учествува во истите, освен ако не е објективно спречен во тоа и претходно најавен.

Член 31

Членовите на советот на родители преку својата работа:

- Мора да внимаваат на својот авторитет пред учениците, вработените, родителите и средината во која работи училиштето.
- Треба да се пример со својот изглед и своето однесување, да претставуваат позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесуваат во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смеат да ја користи сопствената позиција за да обезбедат лични привилегии;
- Во својата работа најпрво треба да се водат од најдобриот интерес на детето/ученикот.
- Потребно е да ги почитуваат сите вработени подеднакво, да соработуваат, да разменуваат мислења и искуства поврзани со работата.
- Меѓусебниот однос со членовите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;
- Да не прифаќаат сугестии, притисоци од лица што бараат однесување што е спротивно на професионалните и етичките норми;
- Да дава поддршка на процесот на превенција и интервенција на насилство.

Член 32

Членовите на советот на родители треба непристрасно да ги почитуваат одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси и треба да се воздржат од дејствување под влијание на примена корист од било каков вид или ветување за примање на корист.

Член 33

Наставничкиот совет и одделенските совети работат согласно својот деловник за работа и програмата за работа. На овие тела во училиштето се донесуваат важни заклучоци и одлуки за работата во училиштето.

Во нивната работа должни се да учествуваат директорот и сите наставници и стручни соработници и членовите од ученички парламент. Секој е должен редовно да присуствува на состаноците и активно да учествува во истите, освен ако не е објективно спречен во тоа и претходно најавен.

Член 34

Наставничкиот и одделенските совети во својата работа најпрво треба да се водат од најдобриот интерес на детето/ученикот.

Меѓусебниот однос на членовите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;

Треба да реагираат во случај кога во училиштето се кршат стандардите за професионално однесување и етичките принципи на професијата;

Да не прифаќаат сугестии, притисоци од лица што бараат однесување што е спротивно на професионалните и етичките норми;

Треба да даваат поддршка на процесот на превенција и интервенција при појава на насилство во училиштето.

Член 35

Ученичкиот парламент работи согласно својот деловник за работа и програмата за работа.

Ученичкиот парламент:

- Активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на соучениците;
- учествува и дава предлози за подобрување на работата во училиштето;
- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено-корисна работа;

Член 36

Членовите на ученичкиот парламент преку својата работа:

- Мора да внимаваат на својот авторитет пред учениците, вработените, родителите и средината во која работи училиштето;
- Треба да се пример со својот изглед и своето однесување, да претставуваат позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесува во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смеат да ја користат сопствената позиција за да обезбедат лични привилегии;
- Во својата работа најпрво треба да се водат од најдобриот интерес на детето/ученикот;

- Потребно е да ги почитуваат сите ученици и вработени во училиштето, да соработуваат, да разменуваат мислења и искуства поврзани со работата;
- Меѓусебниот однос со членовите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;
- Должни се да пријават насилство или сомнеж за насилство врз ученик и да дејствуваат во секое време кога ученик ќе побара било каква помош од нив или ќе се пожали на било која форма на насилство;
- Да даваат поддршка на процесот на превенција и интервенција на насилство во училиштето.
- Одбраните претставници на ученички парламент кои присуствуваат во работата на училишен одбор и наставнички совет треба да ги почитуваат одредбите од правилникот за работа на истите.

Член 37

Функција и улога на ученичкиот правобранител е:

1. Промовирање на детските права:
- промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.).
- информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права.

2. Поддршка за заштита на детските права:
- препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците.
- ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање
- прибирање податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето,

Член 37

Ученичкиот правобранител:
- Мора да внимава на својот авторитет пред учениците, вработените, родителите и средината во која работи училиштето;
- Треба да е пример со својот изглед и своето однесување, да претставуваат позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесува во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смее да ја користи сопствената позиција за да обезбеди лични привилегии;
- Во својата работа најпрво треба да се води од најдобриот интерес на детето/ученикот;
- Потребно е да ги почитува сите ученици и вработени во училиштето, да соработува, да разменува мислења и искуства;
- Должен е да пријави насилство или сомнеж за насилство врз ученик и да дејствува во секое време кога ученик ќе побара било каква помош од него/неа или ќе се пожали на било која форма на насилство;
- Да дава поддршка на процесот на превенција и интервенција на насилство во училиштето.

4. ОДРЕДБИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ И ПОМОШНИТЕ РАБОТНИЦИ

Член 39

Работното време на благајникот на училиштето е од 7.00 до 15.00 часот и во тој период своите работи и работни задачи да ги обавува секојдневно во континуитет.

Благајникот на училиштето секој ден пред почетокот на наставата врши увид над просториите и санитарните јазли со цел да утврди дали се тие подготвени за отпочнување на настава.

Благајникот е задолжен за контрола на помошниот персонал и да врши проверка на хигиената во училиштата и училишниот двор.

Благајникот е должен кај директорот да пријави секакво непрофесионално однесување и непочитување на работните обврски од страна на техничкиот персонал

Дневниот одмор ќе го користи во времето од 10.00 до 10.30 часот.

Член 40

Без потреба никој нема право да се задржува во просториите на администрацијата.

Член 41

Помошните работници и хаус-мајсторот должни се да го одржуваат училиштето, дворот и инвентарот во целосна исправност и подготвеност за непречено одвивање на наставно воспитната работа во училиштето.

Помошните работници и хаус-мајсторот во ЦОУ во Кривогаштани и ПУ Крушеании работат во две смени додека во другите подрачни училишта во една смена. Работата во ЦОУ во Кривогаштани и ПУ Крушеани започнува со прва смена од 6.00 до 14.00 часот и втора смена од 13.00 до 21.00 часот и од 6.00 до 14.00 во другите подрачни училишта. Дневниот одмор ќе го користат во просториите на училиштето во времето од 9.30 до 10.00 часот а во училиштата кои работат во две смени дневниот одмор ќе се користи во просториите на училиштето од 15.30 до 16.00 во втората смена.

Член 42

Хигиеничарите се должни да ги исчистат просториите во училиштето и во спортската сала пред отпочнувањето на наставата како истата би се одвивала во нормални хигиенски услови.

Помошниот персонал е должен да ги носат униформите за работа

За време на одржувањето на наставата се должни после секој одмор да ги чистат ходниците, скалите и тоалетите, а задолжително после големиот одмор да се празнат и корпите за отпадоци од секоја училница како и да се чисти училишниот двор.

По завршувањето на наставата хигиеничарите се должни да ги исчистат просториите во училиштето и спортската сала во целост.

Хигиеничарите се задолжуваат два пати месечно да ги бришат прозорците во училишните згради.

За време на грејната сезона хигиеничарите во подрачнитет училишта се должни навреме да ги запалат печките и редовно да ги одржуваат.

Завреме на грејната сезона хаус-мајсторот е должен навреме да го вклучи парното греење и редовно да го одржува истото.

За обавување на курирската служба задолжен е работник од помошно – техничкиот персонал кој ќе го назначи директорот на училиштето.

Дежурниот хигиеничар исто така е задолжен да го најавува почетокот и крајот на часот со ѕвонење.

Во своето работно време хаус мајсторот е должен секојдневно да врши проверка на инвентарот и секоја штета да ја отклони.

Ако штетата не е во состојба да ја отклони е должен на време да ги запознае директорот и секретарот на училиштето.

Хаусмајсторот треба да се грижи сандачињата за струја секогаш да бидат заклучени и обележани со знак за висок напон.

Хаусмајсторот е должен на секои 15 дена до директорот на училиштето да понесува извештај за исправноста на паничните светла.

Хаусмајсторот е должен да се грижи за зелените површини во централното и подрачните училишта (косење на тревата и друго хортикултурно уредување на дворовите).

Хаусмајсторот е должен да води евиденција за својата секојдневна работа и за тоа да го информира директорот на училиштето, еднаш неделно во писмена форма.

Член 43

Хигиеничарите се должни да се грижат и за хортикултурното уредување на училишните дворови.

Хигиеничарите треба еднаш неделно (во понеделник) до директорот на училиштето во писмена форма да доставува извештај за хигиената и исправноста на инвентарот во училниците за кои се задолжени да ги одржуваат.

Член 44

Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата.

5. ОДРЕДБИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ И ПОСЕТИТЕЛИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Член 45

Во училиштето се забранува влегување на лица кои не се вработени и кои не учат во училиштето, без претходна најава кај помошните работници или дежурниот наставник, кој ќе ги упати за нивната посета.

На родителите им се забранува самоволно влегување во просториите на училиштето посебно за време на часовите.

Доколку родителот има потреба да го отстрани од час своето дете задолжително се најавува кај стручните соработници кој го спроведуваат истото.

Родителите на учениците кои се во првиот период се должни своето дете да го остават во училишниот двор од каде што самото ќе се упати до училниците.

Родителите се должни да го почитуваат работното време на наставникот аз добивање на било какви инфомации поврзани со своето дете.

Член 46

Родителите:

- Се должни да го почитуваат куќниот ред на училиштето
- Се должни редовно да се информираат за постигнатиот успех, редовноста и поведението на нивното дете
- Се должни редовно да ги исполнуваат обврските што ги имаат кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуства од часови на учениците, консултации со наставниците и сл.)
- Треба задолжително да присуствува на родителските средби во училиштето
- треба да знаат дека нивните постапки се пример за однесувањето на нивните деца
- во училиштето треба да влегуваат во пристојна облека
- се должни да се најават на електронски дневник

Член 47

Родител на ученик може да дојде кај наставник само во оној термин кој е даден како приемен ден на тој наставник.

Приемните денови на секој од наставниците се истакнати на огласната табла на училиштето.

Член 48

Родителот има право во работно време телефонски да се јави во училиштето доколку сака да добие некаква информација или нешто да најави.

Член 49

Родителите/старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработката на планот за заштита на ученикот – жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на најдобриот интерес на детето. Доколку родителите/старателите се несоработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштетое должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку родителите/старателите се однесуваат насилнички или училиштето проценува дека може да дојде до насилство или штета кон вработен во училиштето, други ученици или родители/старатели на друг ученик, освен Центарот за Социјална работа ќе се повика и полиција. Зависно од околностите на случајот може да се извести и Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Народен правобранител и да се побара правна помош од Министерството за правда или Здруженија на граѓани

Член 50

Се забранува родителите да разрешуваат одделни состојби со учениците, како и меѓусебни расправии родител – родител и нивно инволвирање во организацијата на работата и внатрешната работа на училиштето.

Родителите се должни на коректен однос кон вработените и учениците во училиштето.

6. ОДРЕДБИ ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Член 51

Со овој Кодекс се уредуваат основните етички начела, правила и стандарди на однесување на учениците за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани.

Член 52

Целта на овој кодекс е да се спроведат успешни и безбедни екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани.

Член 53

Секој ученик за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности е должен да ги почитува законите на Република Северна Македонија.

Член 54

Секој ученик за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности достојно го претставува своето училиште и местото во кое живее.

Член 55

На ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности најстрого му се забранува консумирање на алкохол и други недозволени супстанци.

Член 56

На ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности најстрого му се забранува да го нарушува јавниот ред и мир на местата кои се посетуваат.

Член 57

На ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности најстрого му се забранува насилно да се однесува кон своите другарчиња, возрасните учесници на екскурзијата, како и кон други личности кои ги среќава на местата на посетите.

Член 58

На ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности најстрого му се забранува самостојно или во група да се оддалечува од главната група.

Член 59

Секој родител/старател на ученик кој учествува во екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности врз основа на овој Кодекс е должен да потпише изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности нивното дете ќе ги почитува одредбите од Кодексот.

Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководтел/раководителот на паралелката најдоцна 3 дена пред изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

Член 60

На ученикот кој за време на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува учество на наредните екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

Член 61

Учениците за време на екскурзиите, излетите и другите воннаставни активности се должни да ги почитуваат одредбите на куќниот ред на ООУ„Манчу Матак“

Член 62

Родителите/старателите на учениците кои учествуваат во екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на одделенскиот раководтел/раководителот на паралелката треба да му достават податоци за здравствената состојба на нивното дете кои за истото го известуваат лекарот пред поаѓањето.

Податоците за здравствената состојба се чуваат во тајност.

7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 63

Секој вработен има право на користење на еден слободен ден, со претходна најава, а сите други отсуства ќе бидат регулирани согласно со Закон и Колективен договор.

Член 64

Секое предвремено напуштање на работното место од страна на секој вработен ќе подлежи на преземање мерки од страна на директорот согласно закон, колективен договор и интерните акти на училиштето.

Секое непрофесионално однесување на вработен во училиштето и неисполнување на работните обврски ќе подлежи на преземање мерки од страна на директорот согласно закон, колективен договор и интерните акти на училиштето.

Член 65

Се забранува внесување на предмети и материјал кој нема никаква врска со наставата како од страна на вработените, од учениците или од други лица.

Член 66

Од училиштето не смее да се изнесуваат предмети или друг материјал без одобрение на директорот.

Член 67

Се забранува внесување и консумирање на алкохол во просториите на училиштето.

Член 68

По завршувањето на работното време во Училиштето, се заклучуваат просториите, училишните влезни врати и влезните врати во дворот на училиштето.

Член 69

Кон одредбите на овој Правилник на Училиштето должни се да се придржуваат сите ученици и вработени во училиштето, а секое непочитување на истиот ќе повлекува соодветни педагошки мерки, дисциплински мерки и материјално казнени мерки.

Член 70

Вработените во училиштето се должни меѓусебно да се почитуваат, толерираат и да одржуваат добри меѓучовечки односи во колективот. Истото важи и кон учениците и родителите на учениците и другите посетители во училиштето.

Член 71

Со овие правила се запознаваат сите вработени, а со делот на учениците информирањето ќе го направат одделенските раководители на одделенските часови.

Родителите ќе бидат известени на родителските средби.

Член 72

Измени и дополнување на куќниот ред можат да се прават по барање на вработените, учениците или Директорот, Советот на родители и Училишниот одбор на училиштето, како и поради важни промена на закони, правилници и други акти од надлежните институции.

Член 73

Овој Правилник стапува во сила со неговото донесување од страна на Наставничкиот совет на Училиштето и усвојување од страна на Училишниот одбор на училиштето.

Август, 2026 година
Кривогаштани

в.д **Директор:**
_____
Лилјана Стојкоска

Прилог бр. 12

ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ КАДАР во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Вовед

Сите наставници, стручните соработници и директорот ќе учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции. Се планираат и екстерни обуки, понудени од провајдери.

Согласно личните планови за професионален развој секој наставник ќе учествува и реализира одредени форми за професионален развој и ќе го евидентира истото.

Се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

За сопствено лично усовршување наставниците и стручните соработници прават личен план за професионален развој заради зајакнување на сопствените професионални компетенции, а врз основа на сопствена самоевалуација, резултатите од интегралната евалуација и од согледувањата од посетите од страна на директорот и советниците од БРО.

Личните планови за наредната учебна година се предаваат најдоцна до август до тимот за професионален развој, а извештаите за истите до јуни. Тимот за професионален развој врши увид во истите и ја согледува реализацијата на истиот. Врз основа на новите лични планови тимот за професионален развој ги определува приоритетите за работа и ги планира во планот за професионален развој на ниво на училиште.

Директорот и стручните соработници вршат поединечно следење на напредувањето на наставниците, се водат и следат професионални досиеа од секој наставник и стручен соработник и се следат часови/активности и активности од истите. Оваа учебна година нагледните и следените часови ќе бидат:

- Примена на современа стратегии и пристапи поврзани со читањето со разборање и следењето и оценувањето на учениците;
- Унапредување на процесот на професионална ориентација на учениците и
- Активности поврзани со учество во програми и проекти.

Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

Цели	**Активност**	**Временска рамка**	**Носител**	**Начин на реализација**	**Ресурси**	**Очекувани резултати**
1. Професионална ориентација и кариерно советување на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за професионален и кариерен развој						
Креирање училишна клима и култура која поддржува професионална ориентација во основното училиште	Планирање и реализација на интегрирани активности по одделенија	Учебна година	Стручни соработници Стручен актив предметна Одделенски раководители	Тимска работа	Компјутер, хартија, програми	Изготвени програми по одделенија/периоди
	Поддршка на учениците од VIII и IX одделние при носењето одлука за избор на идно занимање	Учебна година	Стручни соработници	Индивидуална и тимска работа,	Компјутер, хартија, портфолио, работилници	Поддржани, водено разговор со повеќе од 80% од учениците
	Менторирање на учениците од IX одделние при носењето одлука за избор на средно училиште/струка	Второ полугодие	Стручни соработници	Индивидуална и тимска работа,	Компјутер, хартија, портфолио, работилници	Менторирани повеќе од 80% од учениците
2. Активности на наставниците на стручни активи за поголема мотивација на наставниците за примена на современи методи и техники во наставата за зголемување на постигањата на учениците и споделување на искуства						
Подобрување на постигањата на учеинците	Споделување на искуства и активности на наставниците на стручни активи за поголема мотивација на наставниците за следење на постигањата на учениците	Август, септември	Стручни активи, Стручни соработници наставници	Презентација	Компјутер, хартија	-запознаени наставници

	Запознавање на учениците и родителите со стандардите и критериумите за добивање одредена оценка	Октомври	Одделенски раководители Наставници	Час на одделенска та заедница Родителски средби	Компјутер, хартија	-запознаени ученици и родители
	Следење на начинот на оценување на учениците	Учебна година	Директор, стручни соработници	Образец за следење Извештај од следењето	Компјутер, хартија, образец за следење, директор, стручни соработници	Подобрен квалитетот на часовите
3. Поголема примена на современи методи и техники за подобрување на читањето со разбирање						
Подобрување на читањето со разборање кај учениците	Организирање на интерни обуки за користење на современи методи и техники поврзани со читањето со разбирање	Наставници/ стручна соработници со соодветни компетенции Стручен актив одделенска настава	Учебна 2026/2027	Компјутер Хартија Подготвена презентација	Директор и тимот за следење на годишната програма	Обучени одделенските наставници и наставниците по македонски јазик Списоци на учесници на обуката Извештаи од обуката
	Следење на нагледни часови и давање на повратна инфомрација	Учебна 2026/2027	Директор Стручни соработници	Човечки ресурси Формат за следење на часови Нагледни средства потребни за реализација на часовите	Директор и тимот за следење на годишната програма	Пополнет формат за следење на часови Направена анализа за посетени часови

	Следење на читањето со разбирање кај учениците	Стручни соработници наставници	Учебна 2026/2027	Тестови, анализа, извештај	Стручни соработници	Подобрено читање со разборање
4. Интегрирање критичко мислење, решавање проблеми, програмирање, свесност за сајбер безбедност и основни концепти на ВИ во наставниот процес						
Подобрување на критичко мислење, решавање проблеми, програмирање, свесност за сајбер безбедност и основни концепти на ВИ во наставниот процес	Организирање на интерни обуки	Учебна 2026/2027	Надворешни обучувачи Стручен актив одделенска настава	Обука Тимска работа	Компјутер Хартија Обука	Обучени одделенските наставници
	Следење на активностите давање на повратна инфомрација	Учебна 2026/2027	Проектен тим Директор		Компјутер Хартија	Посетени активности

5. Вклученост на родителите во работата и животот на училиштето						
Вклучување на родителите во разни видови работилници на различни теми од интерес за родителите (читање со разбирање, професионална ориентација, успехот и однесувањето, сајбер безбедност и слично)	Совет на родители родители наставници директор стручни соработници	Учебна 2026/2027	Стручни активи, родителски средби, работилници, обуки	Материјали за работилници стручна литература презентации	Директор и тимот за следење на годишната програма	Изработени крајни продукти од работилниците кои ќе го прикажат учеството и разбирањето на родителите за темите работени на работилниците Список на присутни
6. Континуирано унапредување на компетенциите на наставниците и стручните соработници преку стручно усовршување, размена на добри практики и примена на современи методи на работа.						
Развој на професионални компетенции Посета на екстерни обуки и организирање интерни обуки и работилници	Провајдери Наставници Стручни соработници	Учебна 2026/2027	Програма, обучувачи	Материјали за обуки стручна литература презентации	Директор и тимот за следење на годишната програма	Најмалку 4 интерни обуки

Следење на професионалниот развој Изработка на лични планови за професионален развој и извештаи Водење на професионално досие	Тим за професионален развој	Учебна 2026/2027	Обрасци	Цела година	Директор и тимот за следење на годишната програма	80% реализирани лични планови за професионален развој и ажурирани професионални досиеа

Тим за професионален развој:
Лилјана Стојкоска – директор
Убавка Бутлеска -педагог
Антица Вренцоска – претседател на стручен актив
Магдалена Дисоска -претседател на стручен актив

Прилог бр. 13

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2026/2027 година

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Запознавање на учениците со наставниците и училиштето	Прием на првачињата во училиштето	Разговори Посета – обиколка на училишната зграда и внатрешно разгледување	Септември	Директор, наставници, ученици	Програма за приредба	Да се запознаат со наставниците од прво одделение и нивно адаптирање во училиштето
Запознавање на родителите со воспитно-образовната работа во училиштето	Родителски средби на ниво на паралелки и Советот на родители на ниво на училиште	Родителска средба Разговор Претставување преку брошура Состаноци на совет на родители	Септември	Наставници, родители	Годишна програма,понуди за исхрана,списоци за присутност на родители,записници од дневници	Да се запознаат со предметите кои ќе се изучуваат,продолжен престој и избор на нови членови за Совет на родители
Информирање на родителите за успехот на учениците	Приемни денови I-ви одд.	Огласна табла Разговор	во текот на годината	Наставници I-IX одд., родители	Дневници,ученички портфолија	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците
Запознавање на учениците со понудените изборни предмети и слободни ученички активности	Анкетирање на ученици за избор на слободни ученички активности и изборни предмети	Анкетни листови Разговор	Мај	Наставници, ученици	Програми за слободни ученички активности, изборни предмети, анкетен лист	Секој ученик да се определи за воннаставна ученичка активност која ќе ја посетува и изборен предмет

Активно учество на родителите во воннаставните активности кои ги организира училиштето	Вклучување на родителите во определени воннаставни активности по проценка на наставникот и на начин ка кој родителот може да го направи тоа	соработка во изведувањето на слободната ученичка активност/воннаставната активност	во текот на годината	Наставници, родители	Програми за слободни ученички активности/планирања на воннаставни активности/записници	вклучување на родителите во активностите на училиштето
Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од првото тримесечие	Родителски средби на ниво на паралелки I-ви	Родителска средба Евидентни листови Разговор	Ноември	Одделенски раководители, родители	Дневници, евидентни листови,записници од дневници, списоци за присутност на родители	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците
Вклучување на родителите во изработка на украси и предновогодишно украсување на училницата/училиштето	работилница со родители и ученици	организирање работилница за изработка на украси	Декември	Родители, наставници	Изработки од ученици и родители поребни материјали за правење изработки	Да изготват креативни рачни изработки кои ќе се изложат во училиштето а со тоа и ќе се украсат училниците/ училиштето
Запознавање со успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие	Извештаи за успехот и поведението на учениците	Родителска средба Евидентни листови Разговор	Јануари	Наставници, родители, Совет на родители	Дневници, извештаи	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие

Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од третото тримесечие	Родителски средби на ниво на паралелки I-ви	Родителска средба Евидентни листови Разговор	Јануари, Април	Одделенски раководители, родители	Дневници, евидентни листи,список на присутни родители, записници од дневници	Да се запознаат со успехот и поведението на учениците
Вклучување на родителите во еколошки акции за почиста училишна зграда и околина	еколошки акции	организирани еколошки акции во присуство на родителите, наставниците и учениците	март	родители наставници ученици ЕКО-група од училиштето ??	записници за спроведените активности	Почиста околина, заштита на учениците и подобрени стандарди на училиштето
Вклучување на родителите во работилница за изработка на велигденски украси и боење и украсување велигденски јајца	работилница со родители и ученици	организирање работилница	Април	Родители, наставници	Изработки од ученици и родители	Да изготват креативни рачни изработки и да придонесат за вклучување на родителите во активностите на училиштето
Запознавање со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација	Родителска средба за деветоодделенци	Родителска средба Посета на средни училишта Презетации во училиштето од страна на средните училишта	Мај	Родители, одделенски раководители на осмо одделение, ученици	Флаери од средни училишта, анкетни листови, конкурси објавени во дневен печат,список на присутни родители	Да се запознаат со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација

